СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Педесет и петата седница на Собранието на Република Македонија,
одржана на 17 декември 1996 година

Скопје, декември 1996 година

**ПЕДЕСЕТ И ПЕТТА (55) СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКДА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 17. XII. 1996 ГОД.**

Дневен ред се наоѓа на стр.3

1. АБДИ ФАИК 43
2. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД 76 Т. 1-стр.7; Т.2-стр.59
3. БОГДАНОВСКИ ИГНАТИЕ 27
4. ЛАЗАР0В ЈОВАН 25, 26
5. МУРАТИ ЏЕЛАДИН 3
6. НИКОЛОБ ЈОВАН 57
7. ПЕТКОВСКИ ТИТО 1 (ја води седницата)
8. ПОПОВСКИ ВЛАДО (министер за правда) 2
9. П0П0ВСКИ НИКОЛА 19
10. ПОПОВИЌ ДРАГОЉУБ 54, 55
11. ПАРАЌЕОВ НИКОЛА (министер за земјоделство) 59, 61
12. СТОЈАНОВСКИ ПЕЦО 18
13. СУЛЕЈМАНИ РИЗВАН 31
14. СТ0ЈАН0ВСКИ ТОМИСЛАВ 49
15. ТРАЈКОВ МИЛЧО 14, 17, 51, 52
16. ТАЛИМЏИОСКИ ПЕТАР 37, 67, 69, 79
17. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР 39, 42
18. ТАНТАРОВБ ВЕЉО 70, 83, 84, 85
19. ТРАЈКОВ РИСТО 77, 81
20. ФИЛИПОВСКИ БЛАГОЈА 7 (ја води седницата)
21. ЧАД0В СЛАВЧО 62
22. ЧИФЛИГАНЕЦ ВАНЧО 64
23. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ 74
24. ШУНДОВСКИ ЈОРГО 7, 32, 34, 38

СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА !

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## Од Педесет и петата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 17 декември 1996 година

Седницата се одржа во зградата на Собранието на Република Македонија (сала број 1), со почеток во 12,40 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Тито Петковски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, ја отворам Педесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Стојче Ковачевкси и Ратка Куљан-Зографска ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети претседателот и членовите на Владата на РМ и претседателот на Републичкиот судски совет.

Записниците од 45-тата, 49-тата, 50-тата, 52-та и 53-тата седница на Собранието на РМ ви се доставени.

Дали некој од пратениците има забелешки на записниците? (никој)

Констатирам дека записниците од 45-тата,49-тата,50-тата, 52-та,53-тата седница на Собранието на РМ се усвоени без забелешки.

Констатирам дека со изборот на Руфи Османи за градоначалник на општината Гостивар согласно член 5 став 1 од Законот за локалните избори му престанува функцијата пратеник во Собранието на Република Македонија.

I/2.- ЈМ/ЉР

На господинот Руфи Османи му го честитам изборот и му се заблагодарувам за досегашната работа и придонесот во работата во Собранието.

Замолен сум од координаторите на пратеничките групи да се одложи од денешната седница донесувањето на одлуката за организација и делокруг на Службата на Собранието на Република Македонија. И јас тоа го уважувам.

Пратениците Владимир Соколовски и Зоран Шапуриќ ги повлекоа Предлогот за донесување по итна постапка на Законот за изменување и дополнување на законот за територијална поделба на РМ и определување на подрачјата на единците на локалната самоуправа со Предлог на закон и Предлогот за донесување по итна постапка на Законот за изменување и дополнување на Законот за град Скопје со Предлог на закон.

Пратеникот Џеладин Мурати побара за денешната седница Владата на РМ да достави информација за текот и состојбите од затруеноста на учениците од Албанската националност од повеќе училишта од Тетовска општина.

Пратеникот Хисен Рамадани при утврдувањето на дневниот ред на 54-тата седница на Собранието побара Владата на РМ да изготви ваква информација за оваа седница. Барањата се доставени до Владата на РМ, но до денес ваква информација не е пристигната во Собранието.

Дали имаме информација од Владата во врска со оваа Информација?

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

По тоа прашање Владата ќе се произнесе на следната седница.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали го прифаќате образложението?

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

На денешнава седница да биде на дневен ред.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас ќе го поставам на гласаше.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ова малку и срамежливо испаѓа после два месеци да немаме информација за труењата што беа случувани во подрачјето на Општина Тетово. Малку ми е срам и да побарам доставување на таква информација Го девалвираме целокупното барање и на претходните господа од партија за демократски просперитет. Јас останувам да биде на дневен ред на оваа седница, сигурно нема да заврши седницата денеска, кога ќе дојде на дневен ред да ја разгледаме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? /никој)

Кој е за предлогот ваква информација да биде разгледана на оваа седница, молам да крене рака. (19 пратеници)

Констатирам дека Предлогот не е усвоен. Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред.

1. Предлог на закон за заштита и унапредување на животната средина и природата.

2. Предлог на закон за тутун,

3. Предлог на закон за кривична постапка,

4. Предлог на закон за извршување на санкциите,

I/4.-

5. Предлог на закон за прекршоците,

6. Предлог за донесуваше на закон за изменување на Законот за Градот Скопје, со Предлог на закон,

7. Предлог за донесување на закон за ратификација на Општата спогодба за привилегиите и имунитетите на Советот на Европа и на Дополнителниот протокол кон Општата спогодба за привилегиите и имунитетите на Советот на Европа, со Предлог на закон,

8. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за редовен воздушен сообраќај меѓу Владата на Република Македонија и Сојузната Влада на Сојузна Република Југославија, со Предлог на закон,

9. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на РМ и Сојузната Влада на Сојузна Република Југославија за меѓународен патен превоз на патници и стока, со Предлог на закон,

10. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на РМ и Сојузната Влада на Сојузна Република Југославија за регулирање на граничниот железнички сообраќај, со Предлог на закон,

11. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на РМ и Сојузната Влада на Сојузна Република Југославија за взаемно поттикнување и заштита на инвестициите, со Предлог на закон,

12. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу РМ и Швајцарската Конфедерација за редовен воздушен сообраќај, со Предлог на закон,

13. Предлог за донесување на закон за склучување, ратификација и извршување на меѓународни договори,

14. Предлог за донесување на закон за инспекцијата на

15. Предлог на одлука за изменување и дополнување на Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на РМ,

16. Предлог за разрешување на судијата д-р Кирил Чавдар од функцијата Судија на Врховниот суд на РМ,

17. Предлог за разрешување на судијата Јован Калајлиоски од функцијата судија на Врховниот суд на РМ,

18. Барање за давање автентично толкување на членовите

18 и 21 од Законот за данокот на промет на производи и услуги ("Службен весник на РМ" број 34/92, 62/92, 63/92, 3/93, 4/93, 80/93 и 42/95 поднесено од С.Д. "Пазари" - Битола.

19. Барање за давање на автентично толкуваше на членот 7 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир "Службен весник на РМ" број 22/72, 29/83, 51/88, 19/90 и 26/93), поднесено од Советот за превентива против малолетничка деликвенција во Кавадарци.

20. Барање за автентично толкување на членот 1 од Законот за висината на стапката на затезната камата "Службен весник на РМ" број 65/92 и 70/93) поднесено од Приватното претпријатие за трговија за внатрешна и надворешна шпедиција, изнајмување и дистрибуција на филмови и видео касети увоз - извоз П.О. "Вилком" - Битола.

I/6.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на дневниот ред. (Не).

кој е за предложениот дневен ред, молам да крене рака?

70 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека дневниот ред е усвоен.

Бидејќи бевме замолени од Владата, не знаевме како да го димензионираме распоредот на расправата односно како ќе се одвива текот по првата точка односно по првата седница, јас објавува пауза од 10 минути за да можат претставниците на Владата да дојдат и да започнеме со поставување на пратенички прашања.

(Паузата започна во 12,50 часот.

По паузата седницата продолжи со работа во 14,00часот.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Продолжуваме со работа.

Имаме предлог пратеничките прашања да ги оставиме за крај на седницата.

Молам, кој е за овој предлог да крене рака? (47)

Продолжуваме по првата точка од дневниот ред - Предлог на закон за заштита и унапредување на животната средина и природата.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор министерот Шундовски.

**ЈОРГО ШУНОДВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници,

Изминуваат 25-години откако во Стокхолм во организација на Обединетите нации со учество на 104 земји се поставија темелите на организирана и осмислена борба за отстранување на настанатите еколошки нарушувања на животната средина, на планетата земја. Оттогаш па до денес бројни се манифестациите и апелите за зачувување на животната средина кои даваат на знаење дека денес итно треба да го запреме еколошкото безумие затоа што утре ќе биде многу доцна. Несомнено дека уште со појавата на човекот животната средина отпочнала да се загрозува. Индустрискиот и технолошкиот развиток,брзата изградба на градовите и населените места, брзата

моторизација, големата употреба на разни хемиски средства исто така допринесоа да дојде до деградација на животната и работната средина. Широка е и лепезата на еколошките проблеми, непланското користење на просторот, неусогласениот стопански развиток со еколошки барања, лоша градска инфраструктура и ниско ниво на комунална хигиена кај многу населени места во нашава држава. Во каква состојба се нашите реки. Водотеци, езера, најмногу ни говорат податоците за поморот на риби- те, за загадувањето на артериските бунари, разните хидрични епидемии, воздухот што го дишиме и големиот број на заболувања на дишните органи. Киселите дождови како последица на големото присуство на сулфурен диоксид ги сушат шумите со што се намалува обновувањето на кислородот. Плодното земјиште е по загадено од примената на вештачки ѓубрива, а како резултат на тоа на нашите трпези јадеме храна штетна за човековото здравје.

Наброените состојби јасно и недвосмислено поставуваат редица прашања, дали ние како жители на оваа планета свесно и одговорно се однесуваме кон нејзините природни добра, во кој степен нашата негрижа придонесува за нашето самоуништување, за уништување на флората, фауната, за уништување на животот на планетата.

Негативните влијанија врз човековата средина изразени се првенствено преку загадувањето на воздухот, водата, земјиштето, храната и нерационалното користење на земјиштето, природата и со работата создадените вредности.

Како разлутат на ваквите состојби заштитата и унапредувањето на животната средина и природата се повеќе се наметнува како синоним

на стратегија, за човековиот опстанок и зачувување на квалитетот на неговото живеење. Ако сакаме подобро да живееме и да создадеме услови за подобра иднина на генерациите кои доаѓаат треба да се зафатиме во борба со она што ја предизвикало деградацијата на животната средина. Со цел да се создаде правно институционална рамка за стратегијата на сите нас во зачувувањето и унапредувањето на животната средина денес пред нас сите се наоѓа Предлогот на закон за заштита и унапредување на животната средина и природата.

Уставен основ за донесување на овој закон претставува обврската дека секој граѓанин е должен да ја заштитува и унапредува животната средина и природата. Република Македонија за прв пат ќе донесува закон за заштита и унапредување на животната средина и природата што преставува основа за донесување на други прописи од оваа област. Да се потсетиме:

Во досегашниот општествено економски развој на Републиката оваа материја беше регулирана со околу 120 прописи и други нормативно правни и општи акти донесени за време на поранешна Југославија. Тоа е резултат на политиката што се водеше во овој домен. Имено, поради општествената сопственост и претпријатијата, определбите на таа политика беа на секое правно и физичко лице во рамките на егзистенционалните дејности и активности што ги вршат, да се грижи и за заштитата на животната средина без доволно да се дефинираат нивните права, обврски и одговорности. Заштитата се темелеше на свеста и совеста на работникот. Овие прописи сеуште се во сила, а изобилуваат со факултативни одредби во однос на правата, обврските на правните и физичките лица како и примената на мерките и активностите и заштита и унапредување на животната средина и природата поради дизперзираноста на нормативно правната регулатива

факултативноста на голем број одредби од таа норматива и немање на директни инспекциски и надзорен надзор таа легислатива или таа норматива е скоро неупотреблива.

На определени локалитети деградиционите процеси загадувањето на воздухот, водите, земјиштето, ерозијата, уништувањето на природните добра и реткости почнале да се шират и во загрижувачки размери и се разбира со несогледливи последици. Оттука произлегува неопходноста и потребата за преземање на навремени, ефикасни мерки за спречување на причините што доведуваат до деградација на животната средина и природата односно зголемување на степенот на превентивната заштита.

Почитувани пратеници, накусо ќе се осврнам на дел од содржината на предложениот закон. Заради следење на квалитетот на животната средина и природата, со законот, на почеток, се формира информативен систем за заштита на животната средина и природата и Центар за обработка и користење на податоците од следењето на квалитетот на животната средина и природата. Стручните работи во областа на заштитата и унапредувањето на животната средина и природата ќе ги врши Заводот аз заштита и унапредување на животната средина и природата, а особено преку мерење и следење на состојбите и промените во животната средина и природата .

Со оглед на тоа што овој закон е базен закон или како ние во ресорното министерство го нарекуваме мал еко устав во оваа област се најавува донесување на други закони во кои ќе се определуваат поблиските услови за заштита и унапредување на животната средина и природата.

II.-5.-

Владата на РМ во многу брз временски период ќе го донесе националниот акционен еколошки план за заштита на животната средина како законска по овој закон определба, а веднаш потоа и многу локални единици ќе мораат да изготват свои акциони планови на територијатата на која се наоѓаат. Сите субјекти кои на определен начин вршат загадување на животната средина и природата ќе бидат задолжени да изготват соодветна техничка документација за заштита на животната средина и природата и во определен рок да ги отстранат причините на загадување или изворите на загадување.

Сите субјекти кои ја загрозуваат животната средина и природата должни се да достават податоци за загаденоста од кои ќе се формира катастар и карта на загадувачи и регистар на опасни и штетни материи. Се разбира со законот во повеќе решенија министерот надлежен за работите во делот на заштитата и унапредување на животната средина, заедно со министрите на земјоделие, шумарство и водостопанство и министерот за здравство како и министерот на стопанство за определено време или трајно ќе можат да забранат производство и промет на производи доколку со нив се загрозува животната средина или здравјето на луѓето.

Исто така со предложениот закон врз основа на стандарди и нормативи може да се допушти и промет на производи со назнака еко производ кој подоцна со настанатата легислатива ќе се одреди нивниот степен на овластувања кои ќе ги имаат.

За прв пат се забранува увоз на опасни отпадни, штетни и радиоактивни материи и нивно чување и употреба и депонирање на територија на РМ. Определени отпадни и неискористени материи кои

може да служат како секундарни суровини во процесот на производство или хартија, железо, стакло, пластика и слично ќе може да се увезуваат само со посебен акт од Владата на РМ.

Заради обезбедување на финансиски средства и преземање на превентивни и санациони мерки за заштита и унапредување на животната средина и природата во Министерството се формира фонд за заштита на животната средина и природата. Средствата од фондот се обезбедуваат од Буџетот на РМ, од загадувачите, еко данокот кој најверојатно подоцна со законот за даноци ќе биде дорегулиран, од регистрација на возила, кредити и казни ќе бидат средства кои ќе се користат за заштита и унапредување на животната средина. Користењето на средствата од фондот ќе се врши спрема програма која ќе ја донесува секоја година Владата на РМ согласно со националниот акционен еколошки план. Заради вршење на надзор на заштита и унапредувањето на животната средина и природата во Министерството се формира инспекторат составен од инспектори од разни струки адекватни за покривање се разбира, на сите сегменти на животната средина и природата.

Со законот предвидени се релативно високи казни за наружување на животната средина и природата против прани и физички лица. А, мандатни казни покрај инспекторите ќе можат да изрекуваат и работниците на МВР, чувари на националните паркови и други овластени лица.

За фрлање на отпадоци на недозволени места времено може да се одземат дури и возилата со кои ќе бидат депонирани тие материи, со што ќе се спречи и фрлање на отпадок на недозволени места. Инспекторите, работниците од МВР, чуварите и другите областени лица и граѓаните за дела против животната средина определени со

Кривичниот законик ќе можат да поднесуваат и кривични пријави, се разбира до надлежните органи.

Во фазата на изготвувањето на овој законски проект обавени се бројни консултации, состаноци со повеќе невладини организации, еколошки друштва, движењето на екологистите на Македонија, со минситерствата и морам да напоменам дека огромен е нивниот придонес во самото изготвување во овој закон. И затоа на сите кои учествуваа во изработката на овој закон од оваа говорница им испорачувам голема благодарност.

Почитувани пратеници секој од нас одделно и сите ние заедно треба да се заложиме во остварување на целите во заштитата и унапредувањето на животната средина. Само на таков начин ќе обезбедиме најелементарни права на човекот за здрава животна средина како и услови за зачувување и развој на природните и со работа создадени вредности кои се од интерес за здрав, сигурен и делотворен живот и работа на човекот денес, но и утре.

На крајот ако сакаме во 21-от век да влеземе со повисок квалитет на живеење и покрај брзото темпо на технолошкиот развој животната средина треба да ни биде постојана грижа на сите нас. Екологија та треба да се сфати како наука, но и како обавезна пракса која настојува човековата средина да ја зачув аза човекот, не само денес, но и за идните генерации.

Затоа денес пред Вас е понуден и законот аз заштита и унапредување на животната средина.

Благодарам.

II.-8.-

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-дин Милчо Трајков.

**МИЛЧО ТРАЈОВ:**

Почитуван потпретседателе, господа министри, дами и госпдоа.

Неспорна е потребата од донесувањето на законот за заштита и унапредување на животната средина и природата, дури би рекол дека овој законски проект доаѓа со закаснување. Доцнењето по мене е повеќе е резултат од објективен карактер отколку од субјективен карактер. Претрупаниот број на законски проекти кои чекаа на ред за влез во Собраниска процедура . Мислам дека алиби на предлагачот би бил и повеќето верзии на овој закон што значи желбата на истиот за што поквалитетни законски решенија во овој проект. Секако би требало да се пофали и неговата отвореност и кооперативност кон еколошките друштва кои делуваат во државата. Во овој дел минусот би бил што предлагачот би требало да оди чекор понапред па во консултациите при изработката ана законот да ги вклучи и одредени компетентни републички институции кои делуваат да имаат значителни ингеренции во областа што ја покрива овој закон.

Областа на заштитата и унапредувањето на животната средина и природата има извонредно значење и актуелност за нашата држава. На ова поле би рекол, дури и дека состојбата е алармантна. Во пое- дини региони во државата деградационите процеси се шират со загрижувачки размери и веќе подолго време предизвикуваат несогледиви последици по човековото здравје. причина за ова секако е фактот дека во досегашната законска регулатива не беа дефинирани правата, обврските и одговорностите на правните и физички лица кои со своите активности

делуваа врз деструкција на животната средина и природата. Општо прифатена практика беше да се занемаруваат обврските кон заштитата на животната средина и природата од страна на правните и физички лица поради факултативноста и недефинираноста на законската регулатива. Кон сето ова мора да се додаде и ниската еколошка свест кај граѓаните на државата. Во расчекор е јавното декларирање на ставот за чиста животна средина од нашето секојдневно однесување. Како поинаку да се објаснат купиштата ѓубре по градовите, излетничките места, па дури и по националните паркови. Се чини дека отпадоци има насекаде, само не таму каде што им е местото, во контејнерите и во кантите за ѓубре. како да се објасни корнењето на повеќе илја- ди млади садници, само неколку дена после засадувањето. Како да се објасни спората и млитава реакција на одговорните фактори после еколошкиот инцидент во Топилницата за олово и цинк во Велес. Или воопшто односот кон овој загадувач има за 20-тиан години.

Не одат заедно нашите желби за пат кон ветениот запад со нашето однесување тука. На овој пат ќе мора да оставиме дел од багажот кој е дел за жал во нашата свест.

Предлог законот за животната средина и природата за прв пат утврдува стратегиски пристап кон заштита на животната средина, со фокусирање на главните дејства кон превенцијата на декстриктивните процеси преку одредени законски решенија, се мисли на член 14, 15, 17,20 и 22. Не би се усогласил со одредени мислења дека законот е многу строг во делот на санкционирањето. само како илустрација во член 51 за фрлање на отпадоци надвор од определеното место следи мандатна казна од една петина плата на лице место. Прашувам , како да се подигне свеста кај граѓанинот ако сите други воспитни средства се употребени. Со удар по џебот.

II.-10.-

Ниту во една високо развиена зема; казните за истиот прекршок не се помали, дури се поголеми. Претпоставувам дека пред многу години и тие го оделе истиот пат. Мора да се признае дека заштитата на животната средина е мултидисциплинарна и комплексна проблематика. Нејзиното решавање бара соработка со повеќе институции кои веќе егзистираат и покриваат поедини делови на оваа проблематика.

Во образложението на законот стои дека поднесувачот на законот контактирал со повеќе министерства во Владата и со поедини републички институции. Начинот на соработка е дефиниран во член 11 и член 25 став 2 и 3. Тоа се однесува на поедини републички институции. Соработка со поедини министерства во однос на оваа проблематика е законски дефинирана само во членовите 17 и 18 и тоа само во однос на санкционирање, но не и во однос на мониторингот. Произлегуваат повеќе прашања . каков ќе биде статусот и ингеренциите во однос на проблематиката од заштита на животната средина на поедини републички институции, како Републичкиот завод за здравствена заштита и Републичкиот хидрометеоролошки завод. Потоа , дали согласно член 11 став 2 и член 25 став 3 нема од волјата на министерот да зависи делимично и егзистенцијата на поедини републички институции затоа што им се зема дел од ингеренциите.

**МИЛЧО ТРАЈКОВ:** продолжение

Дали со спроведувањето на ова законско решение нема да се врши дуплирање на капацитетите, опремата и кадарот кога веќе при постоечките институции кои работат стручно и на високо рамниште ќе се формира нова институција која покрај своите презема нивни ингеренции.

Дали донесувањето на овој закон нема да биде во колизија со член 4 од Законот за вршење на хидрометеоролошки работи ("Службен весник на Република Македонија" бр. 19/92.) Законот за органите на управата ("Службен весник на РМ" бр. 40/90) и член 110 од Законот за здравствена заштита или со решението од член 11 ќе успее да ги кооптира решенијата од горенаведените закони.

Овој закон врши темелна реконструкција на веќе воспоставени односи и одредени компетенции рефрла од еден на друг орган. Со подзаконските акти кои би требало да следат треба јасно и прецизно да се предвиди што ќе биде со кадарот, средствата и опремата за кои се одвоени големи средства од државата. Потребно е да се изнајдат решенија со кои тие ќе бидат инкорпорирани во новиот систем без последици по нивната егзистенција.

Имам одредени замерки во однос на кадровската Структура на институтот Републички инспектор по заштита на животната средина посебно на главниот републички инспектор. Мислам дека професијата доктор специјалист по хигиена и здравствена екологија го нема најдено адекватното место во Законот, но тоа во амандманската расправа.

Да не должам, на крајот уште еднаш би го поздравил донесувањето на овој закон, се надевам дека овој закон ќе овозможи во блиска иднина да ги снема оловните утра над Велес, смогот над Скопје и Битола, помалку загрижени лица на несреќни родители и повеќе

слободни кревети во болниците. Ако тоа се оствари во блиска иднина тогаш значи предлагачот заедно со нас тука во Парламентот направил добра работа.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-динот Пецо Стојановски.

**ПЕЦО СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани министри, почитувани пратеници областа на заштитата и унапредувањето на животната средина и природата има извонредно значење и актуелност заради што донесувањето на овој закон со кој на одреден начин ќе се уреди оваа проблематика е неопходно и нужно.

За прв пат со овој закон се утврдува катастар на загадувачите на воздухот, водите и земјиштето. Заштитените делови и објекти од природата регистер на опасни и штетни материи што претставува чекор напред во политиката на унапредување и заштита на човековата околина.

Новина во законот е јавноста на податоците од мониторингот со што секој граѓанин на оваа држава ќе има увид во квалитетот и квантитетот на загадувањето. Секако заради имплементација на овој Закон во општественото секојдневие ќе бидат потребни финансиски средства. Согласно членот 30 се формира фонд за заштита и унапредување на животната средина и природата со кој делумно ќе се разрешат проблемите во екологијата кај нас. Заради успешно спроведување на мерките и активностите за заштита на животната средина и природата од страна на правните и физичките лица со овој закон се воведува институтот - Инспекторат за заштита на животната средина и природата.

Во однос на извршителите по мое мислење е направен пропуст што со тоа една професија дипломиран инженер металург е испуштена. Се надевам дека по амандманската расправа почитуваниот министер

Шундовски ќе го прифати амандманот со цел на корекција на член 34 став 1 и 2.

Уставот на Република Македонија и овој закон се основа за изготвуваше на специјални закони и подзаконски акти за одделни области од доменот на заштитата и унапредувањето на животната средина и природата и тие подзаконски акти Министерството треба да ги донесе во што пократок рок за што поитно заокружување на законската регулатива и имплементација во нашето секојдневие.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-динот Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, денеска се наоѓаме пред обврската или пред донесувањето на законот кој можеби не е еден од оние кои темелно ги уредуваат односите во државата, меѓутоа, сите се согласуваме дека е еден од законите кои можеби е од оние најважни споредни работи т.н. кои и те како влијаат на односите во државата, врз животот, па еве согласно некои одредби од законот пошироко и врз стопанскиот живот во нашата држава.

Факт е дека во Собранието беше очекувано овој закон порано да се донесе отколку е овој термин имајќи предвид дека Собранието пред 20 месеци побара од Владата да го достави по расправата по Предлогот за донесување овој закон, меѓутоа, има една поговорка дека никогаш не е доцна така што и денешното донесување на законот на денешната седница се надевам дека не е задоцнето за да можеме да ја оцениме целокупната процедура како задоцнета.

Она што сакам да го истакнам во начелната расправа, се разбира имаме поднесено амандмани и на наше задоволство тие се прифатени од Министерството и надлежниот министер и ќе станат составен дел на законот . Меѓутоа, сакам да истакнам неколку точки.

III/4

Прво, со овој закон се создаваат институции кои ќе бидат во функција на заштитата на животната средина односно во функција на екологијата и ако внимателно одиме по законот ќе видиме дека се создаваат пет нови институции во државата најчесто во рамките на надлежното министерство за екологија. Тоа се покрај воспостувањето на информативниот систем се додаваат уште четири институции тоа се Центарот за податоци, јас скратено ќе ги кажувам, Заводот за екологија, се трансформира досегашниот завод, се воспоставува Фонд за заштита или за екологија или се воспоставува инспекторатот, со соодветни инспекциски служби. Значи , создаваме четири нови институции кои ние во Собранието кога се работи за креирање на нови институции обично имаме рестриктивен пристап, меѓутоа, ценам дека определбата на Собранието со гласаше за законот за создавање на овие институции ќе биде афирмативно и се разбира креирањето на овие институции не го сметаме како дополнително оптоварување, затоа што тие се потребни.

Она што е многу битно со овој закон се уредува делумно и финансирањето на програмата, од страна на државата, за заштита за екологија и тоа како по обичај во оваа држава гледано од мој аспект иако ќе го гласам ова решение да кажеме дека Владата имаше можност да размислува за прелевање на средства од до сега постојните извори на финансирање на Буџетот од една во друга сфера. Овој пат се оди кон создавање на нова институција значи дополнителни средства од регистрацијата на возилата и мислам дека во последно време не по овој закон, туку воопшто да кажам дека се создаде една традиција која Собранието треба генерално да ја размисли, а тоа е дека дел од финансирањето на државната каса почнува постапно, но во еден временски период station наназад погледнато ако се види можеби мала недоследност да голем број од зафаќањата се прелеваат од овие

таканаречени помали зафаќања кон две институции. Цената на нафтените деривати и регистрацијата на возилата. Значи, не конкретно за овој закон, туку две три или четири години наназад во Собра- нието често сме пред одлука за соодветно финансирање на некои од потребите на државата преку дополнување на овие институции преку бензинот или регистрацијата што мислам дека треба во иднина да се размислува како овие две зафаќања да не се оптоваруваат, туку да се наоѓаат преку редовните механизми на даночната политика во РМ.

Се разбира дека законот ги обезбедува неопходните процедури за водење на еколошката политика и непопуларните, но неопходни и потребни казни за непостапување по одредбите на законот.

Она што сакам да го истакнам како задоволство е што во законот денеска изјаснувајќи се законот се изјаснување и за воспоставување на обврска кон Владата за изготвување на НЕАП (Национална еколошка, акциона програма) која дава една меѓународна димензија на нашата политика знаејќи дека НЕАП е европски ориентирана акциона програма која се носи во согласност и во координација со останатите држави. Мислам дека е тоа нешто каде државите се упатени на соработка , за разлика од некои други закони кои не мора да упатуваат во соработка со останатите држави во околината.

Можеби е потребно да се размислува во иднина преку овој закон каква ќе биде временската корелација помеѓу законската одредба за изготвување на НЕАП и самиот НЕАП. Значи, законот утврдува неограничена временска рамка на корелација на обврска за изготвување на НЕАП,, меѓутоа, НЕАП се изготвува, се реализира, се оди во фази и еднаш завршува. Мислам дека во законот во иднина ќе треба временски да се димензионира релацијата.

Она што сакам да го укажам на крајот поддржувајќи го во целина овој закон со амандманите кои се поднесени кои не се од суштински карактер дури и оние кои даваат одредени иновирања во законот во најголем дел прифатени од министерот на наше задоволство меѓутоа, сакам да укажам на една работа која мислам дека почнува да станува проблем со донесувањето на законот, се разбира јас како претседател на Комисијата за еконологија би сакал во оваа прилика за овој закон тоа да го потенцирам.

Имено, законот не дава резултати сам по себе. Законот може само да наговести резултати. Имаме поголем број на случаи каде носиме закони а потоа заради нивното спроведување ги претвораме законите во демагошка декларација на овој Парламент иако тоа е закон со законска сила, влегува во сила со указ , тој се претвора во демагошка декларација токму заради фактот на негово неспроведување. Овој закон не создава политика, законот создава рамки во кои може да се води политиката, ги создава институциите за водење на еколошка политика, ги создава инструментите на финансирање на еколошката политика, ги создава рамките, односите и регулациите на системот помеѓу субјектите и државата и другите правни и физички субјекти. Меѓутоа, тој сам по себе не може да предизвикува резултати. Тој може да предизвикува резултати само до колку се спроведува во овие рамки. Овој закон ќе биде еден од оние кој ќе има сериозни проблеми при спроведувањето не заради нечија волја, туку заради објективните услови кои постојат. Меѓутоа, законот подразбира дека до колку се носи во Собранието со ваква содржина и доколку Владата се согласува со таа содржина која и самата ја предлага дека ќе се подвргне самата Влада на институцијата ригорозно спроведување на законот, што подразбира дека нема да има отстапки за да не се доведуваме во ситуација да создаваме решенија кои

дефакто понатаму не ги спроведуваме. Инаку, целиот концепт евентуално со таков однос кон законот нема да профункционира.

Само ќе кажам еден пример кој можеби не е директно во корелација со овој закон, меѓутоа, сметам дека е во корелација со генералната определба да по носењето на законите евентуално се спроведуваат, без разлика кој ги предлага си има инспекциски служби извршна власт која треба да ги спроведува.

Пред една година донесовме еден закон за заштита од пушење во кој помеѓу другото, децидно Собранието во согласност со Владата се изјасни кој форми на рекламирање се дозволени. Таму беше изрично спомнато дека во електронските медиуми радиото и телевизијата е изрично забрането рекламирање на цигари, тутунски производи и заштитни знаци на тутунската индустрија за да денеска констатираме дека нашите приватни а за жал и нашата јавна телевизиска компанија МРТВ е преплавена со рекламирање на цигари и други производи од тутун и на заштитни знаци на цигари кој се реклами- раат на мала врата иако е сосема спротивно со законот да не се рекламираат. Сакам да направам една паралела за закон кој има некаква логика со овој закон кој во еден дел служи за заштита на животната средина во затворени простории. До колку ги носите законите, а понатаму сме индиферентни почнувајќи од нас завршувајќи до последните органи на власта кон спроведувањето на сите одредби или почнуваме да размислуваме дека некои одредби објективно се неспроведливи, тогаш е подобро сега да размислиме кои одредби од законот се неспроведливи и да не се доведуваме и ние и Владата во ситуација да пишуваме закони, да носиме и гласаме закони и од- редби кои евентуално знаеме дека ќе бидат тешко спроводливи, во такви критериуми да расправаме и за денешните амандмани кои се поднесени на денешната седница и за кои

ни една комисија немаме расправано .

Завршувајќи , сакам да апелирам поддржувајќи го законот дека од денеска натаму клучот на проблемите со екологијата се префрла во сферата на Владата, дека Собранието со овој закон ја воспоставува рамката го воспоставува системто, институциите, финансирањето, процедурите, казните. Понатаму Владата ќе преземе поголема одговорност отколку досега затоа што има законска надлежност и обврска согласно законот. Нема да може ниту Парламентот ниту Владата да се криеме зад одредени ситуации, како што се на пример во центарот на Скопје да се депонира отпадок од градот или во Велес, претходните пратеници зборуваа, да не ги набројуваме дефектите и случаевите. Апелирам дека донесувањето на законот можеби во овој момент е помалиот проблем во државата иако и еколозите со една манифестација дадоа поддршка на донесувањето , мислам на еколошкото друштво сметам лично од денеска натаму се префрла потешкиот камен, а тоа е спроведувањето на одредбите за кои сите знаеме дека ќе дојдат во судир со животот во РМ . Животот во стопанските субјекти, физичките лица, институциите на државата кои треба нешто врз основа на законот да направат. Не антиципирам, да не ме сфатат погрешно претставниците на Владата, напротив укажувам дека нивното однесување ќе предизвика проблеми со кои ние ќе се судриме. Парламентот треба да си остане при вакви законски решенија и на Владата да даде поддршка за да ги спроведува, а од Владата да бара да нема компромис во спроведувањето. За таквата политика Владата ќе добие поддршка во овој Парламент ако евентуално разговараме за спроведувањето на законот по извесно време.

III/9

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-динот Лазаров.

**ЈОВАН ЛАЗАРОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани министри, денеска заштитата на животната средина во целиот свет па и кај нас побудува се поголем интерес и внимание. Тоа е од причина што загадувањето и деградацијата на животната средина, земјиштето, водата и воздухот е толку што почнува да го загрозува опстојвуањето на живите материи како резултат на се поголемата индустријализација.

Денеска во Европа не можеме да сретнеме река со бистра вода за среќа во нашите реки сеуште живеат риби иако имавме случај на масовен помор кои беа резултат на присуството на преголеми колиечства отровни супстанци во водите. Секаде во светот денеска најмногу внимание се посветува на присуството на преголемите количини на $CO_2$ во воздухот и во Европа најголемо внимание се посветува на овој проблем со кој се планира до 2010 година да се изврши негова редукција за 20%. Освен во Велес и во Скопје во другите делови на Македонија загадувањето сеуште е во некакви дозволени граници.

IV/1/СС/лј

**ЈОВАН ЛАЗАРОВ:** (продолжение)

Сето ова го зборувам за да кажам дека овој закон доаѓа со задоцнување, но тоа задоцнување се уште не е толкаво за да се регулира оваа материја со која што ќе се спречи натамошното влошување на животна та средина.

Како што кажаа и другите пратеници овој закон веќе подолго време е во собраниска и владина процедура, доживеа повеќе верзии за денеска, конечно да ја имаме оваа верзија во вид на предлог што се надева дека конечно ќе го донесеме. Иако тој ќе биде следен со повеќе други закони и подзаконски акти, тој, заедно со Националната еколошка акциона програма, така наречен НЕАП, се двата темелни документи што овој парламент и оваа Влада треба да ги донесат. Иако и тој НЕАП е во завршна фаза, сеуште не е донесен, но изготвен е, се надевам дека тие два документи ќе бидат целосно усогласени.

Во последните години во сите земји во транзиција се донесоа или се во фаза на донесување на донесување на овој закон. Европската унија во последно време посветува големо внимание на оваа проблематика и за таа цел е формирана една организација, таканаречена "ГЛОУП" во која членуваат парламентарци од сите земји, скоро сите земји од Европа, Америка и Јапонија. Членуваме и ние неколку пратеници од парламентов.

Во минатите неколку години се одржаа повеќе конференции на кои што главна тема беше повикот парламентите на сите земји да бидат отворени за соработка со сите невладини односно граѓански организации. Ние, оваа тенденција успешно ја спроведовме, со тоа што организиравме една трибина на која што цел ден разговаравме и мислам дека се договоривме како ќе соработуваме, а и работата на нашата Комисија за заштита на животната средина млади и спорт работеше два

дена, во две сесии, каде што во првата сесија учествуваа сите тие невладини стручни, експертски организации и поединци кои дадоа голем број забелешки што Комисијата ги прифати и во вид на амандмани денеска ги предлага на Собранието да ги усвои.

Важно е да се напомене дека денеска за прв пат пред Собранието се собраа голем број на граѓани главно екологисти кои се залагаат и даваат поддршка Собранието да го донесе овој закон. Досега, сите собирања беа во спротивна насока, беа нешто против, а денеска прв пат се собраа луѓе да дадат поддршка на нешто што треба да го донесе Собранието.

Од тие причини јас давам поддршка на овој Закон и ќе гласам за негово донесување.

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-дин Богдановски.

**БОГДАНОВСКИ:**

Г-дине потпретседателе, дами и г-да пратеници, г-до министри. Имам една пријатна должност, му ветив на претседателот на Комисијата за екологија, спорт и малди да земам збор, но веднаш на почетокот сакам да укажам на една многу возвишена и добра идеја и како законска регулатива во Министерството и сите епитети на министерот за урбанизам и екологија и човекова средина. Можеби го погрешив и називот на Министерството.

Слушавме многу пратеници, па сакам да укажам дека рефератите што се истакнуваат, тоа се пишани материјали и дека ние мора да се спуштиме на критериум на вредности што претставуваат вредност во нашиот секојдневен дел од животот и она што нуди решение во т.н. секојдневен живот.

IV/3.-

Не знам што од тоа претставува екологија, да не ми земат како гаф новинарите, меѓутоа, знам една работа дека треба да го уредиме својот дом, да ја уредиме својата средина и својата улица. Ако сите тоа го направиме вредноста на екологијата ќе биде тука.

Големите загадувачи претставуваат проблем на државата и на Министерството и на законот. Ако денеска правиме држава и држам до тоа дека правиме државата со вредности од законодавен аспект, тогаш мораме и ние да направиме некои вредности на кои ќе се повикуваме и ќе ги почитуваме. Во светот е познато дека никој не се родил учен или некој многу попаметен, туку во делот на законската регулатива се прилагодил на вредностите што ги утврдило општеството или државата, а во моментот кога сфатил дека тоа претставува вредност и за самиот себе, тоа прераснува во еден култ на вредности во многу сфери во животот, а да не зборувам за екологијата.

Дами и господо, многу се зборува а малку се реализира се реализира во вредностите на нашата држава, па да кажам и во вредностите на нашиот град. Сите ние треба да бидеме активни чинители и не треба да се препуцаваме во делот, она што треба и кој треба да регулира и реализира. Светот одамна ги утврдил вредностите. Во минатото, ние претставуваме држава на која што, која што делеше памет низ целиот свет. Многу од вас, не го гледам министерот, сега беше во Сингапур, министерот за стопанство, во која што ќе видите дека од џунглата на Африка или од Малезија се носат дрва, еколошки вредности што се засадуваат во кои што е забрането пушење и на улиците и за кои што многу повеќе чини паркинг просторот отколку што чини станот во кој што се живее. Тие луѓе сакаат да живеат и нивната вредност на живеењето не ја врзуваат само за своите вредности, туку ја врзуваат за генерациите, за деловите на генерациите кои доаѓаат после нив.

IV/4.-

Ние треба од тој аспект кажувам да го поддржиме овој закон. Но, ако сакаме да бидеме правна држава, а мораме да бидеме оти друга алтернатива нема, целата законска регулатива треба да ја спроведеме. Од тој аспект упатувам одговорност пред се до Министерството за урбанизам, одговорност што треба тоа министерство да ја преземе, со сите атрибути, не ми замерите ако искажам и некои вредности што се проблематични, дека треба да излеземе од еден критериум, дека нашата еколошка средина е само нашиот стан, а од станот кога ќе излеземе дека тоа преставува вредност или обврска на државата.

Ние мора да влеземе во еден критериум во кој што мора да водиме сметка не за себе туку да водиме сметка за својот комшија, за својот непосреден сосед, за да може тие вредности да прераснат и да ни се вратат како критериум на вредноста.

Ако ова не го постигнеме, ако направиме само законска регулатива а нема кој таа законска регулатива да ја спроведе, тоа е ката- строфа за една нација, за една држава која има многу големи историски вредности, меѓутоа во делот на законската регулатива денеска ги створаме тие вредности. Последиците што денеска за генерациите што доаѓаат што можат да ги согледаат а ние не сме свесни за целокупната состојба, тие на некој начин ќе не осудуваат за вредностите што сме ги пропуштиле.

Можеби во крајниот биланс и не сме свесни што денеска можеме да загадиме како еколошка средина. Меѓутоа, тие деца и таа генерација и тие генерации кои ќе доаѓаат после нас ќе не осудуваат како што денеска тоа може да се види во светот. Немаме време да размислуваме за вредности и да измислуваме ако во светот има одредени вредности.

Во тој контекст сакам уште еднаш да упатам етикети ако за мене е многу голем овој потез на Министерството за урбанизам и екологија затоа што уште ние не сме свесни за последиците од загадување на

околината на луѓето, околината на човекот, со што фактички ќе создадеме страховити вредности што генерациите кои доаѓаат после нас ќе ни бидат благодарни и на нашите може би почетнички, пионерски потези ќе се восхитуваат како вредност. За мене денеска не постои ниту Дрисла, ниту Вардариште, ниту за мене постои проблем за кој што дваицата пратеници, д-р и г-динот кои дискутираа од Велес за топилницата, за мене постои само критериум на вредност и почитување на законска регулатива. Тој кој не може да се вклопи во вредностите на општеството, во вредностите на државата треба да го отстапи местото на оној кој ќе се обиде тоа да го направи.

Не би било во ред да се јавувам 4 или 5 пат во делот на овој парламент. Меѓутоа, сакам да укажам на една работа, ако сите го направивме она што го сметаме дека претставува вредност, а од оваа позиција со сите атрибути на нескромност укажувам, ако сакате екологија и вредност, погледнете го Стоматолошкиот клинички центар и околината. Ако сите го направиме тоа, не Сингапур, не Малезија, на кои им делевме памет во минатото, ако некои биле таму, ќе видат што значи Малезија како екологија, што значи пречистување на вода, каде една држава внесува голема количина на вода што ја преработува, обезбедува за себе еден корисен елемент, но го враќа онаму каде што е изворот на водата. Ние, долги години можеби ќе касаме ако не влеземе во ригорозните вредности што треба да претставуваат вредност во оваа држава.

Нема друга алтернатива освен да се вклопиме во светските токови. Балканскиот дел, она што утре ќе го разрешува некој или денеска, за мене не е битно, а не мислиме за генерацијата, за поколението што ќе стигне дали ќе има последици од таа наша интервенција или некои нефункционални вредности, тоа ќе ни се врати како бумеранг. Несреќа е

што ние тоа нема да го доживееме, и несреќа е што ние тоа нема да го видиме за да имаме некој елемент на покајување.

Затоа, не со две раце, не со два прста, со 20 прсти јас гласам за овој закон и посебно сакам да укажам, уште еднаш комплимент, дека во услови на еден куп економски проблеми во оваа држава, еден куп на нерасчистени политикански состојби во државата дека Министерството за урбанизам, зафаќајќи се со оваа проблематика прави едни генијални и џиновски чекори и во делот на екологијата и перспективата на генерациите што доаѓаат.

Уште еднаш честитки за Министерството и за предлогот на законот.

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-дин Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани министри, почитувани пратеници. Излегов на говорница само да одадам признание, јас како и моите колеги за донесување на овој закон.сигурно дека со овој закон ние го исполнуваме критериумот кој вреди секаде во светот, конечно да се здобиеме со чиста и еколошка средина. А, што тоа значи јас ќе морам да ви кажам демонстративно, со оглед на тоа што доаѓам, од една средина каде се спојуваат две најубави и најдолги реки. Тоа се реките Вардар и Треска.

Ако г-динот претходен дискутант бараше да се земе пример за добра еколошка средина неговата институција каде работи, јас не знам, може би е доцна, можеби изготвувачот на законот требаше да појде и да се прошета малку покрај Вардар на делот од мостот кај Сарај па нагоре за да добие инспирација што значи и во каков хаос живеевме до сега, а се надевам од денеска со донесувањето на овој закон, а уште повеќе ако се спроведе овој закон, конечно ние тој хаос ќе го запреме и ќе дадеме

можност конечно тој прекрасен и убав Вардар од чија вода некогаш јас и мојата фамилија и пиела, а денеска за жал во тој Вардар не може да се најде ниту една риба.

Делот и мојата општина се надевам, после сета оваа работа, општината Сарај ќе биде прекрасно и атрактивно место за живеење и рекреирање и место каде навистина сето богатство што го подарил господ ќе може да се ужива во тоа богатство.

Јас уште еднаш, како и моите претходни колеги им честитам и сум задоволен што конечно ние се вбројуваме и редиме во земјите што ќе имаат чиста еколошка средина, нормално ако овој закон се спроведе.

**ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор министерот Шундовски.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

За да не останат некои работи недоразјаснети би сакал на неколку од потенцираните делови од законот да дадам краток одговор.

Прво, веднаш да кажам дека скоро нема место во Македонија каде не сум поминал, а точно тој простор на спојот на реките Вардар и Треска доволно го познавам. Во скоро време таму и чистевме со машини, така што точно ги знаеме состојбите какви се на тој простор таму.

Инаку, што се однесува до доцнењето на законот моето појаснување би било следно, законот е изработен пред долго време и се наоѓаше во фиока во Министерството за урбанизам, затоа што се чекаше изработката на Националната еколошка акциона програма што ја изработуваме заедно со светската банка, како би можеле двата документи од стратешко значеше да ги ставиме точно пред парламентот и владата со што ќе направиме усогласени текстови на закони, национална и еколошка програма.

Доколку се случеше законот да го донесеме пред изготвувањето на Националната акциона програма можеби денеска ќе зборувавме за измени и дополнувања на тој закон. Да не би правеле така брзо измени или дополнувања на еден стратешки закон или како што јас го нареков мал еколошки устав, ние се одлучивме законот да го донесеме токму после изработувањето на Националната еколошка програма. Тоа го направивме и затоа е овој период од 10-тина месеци на задоцнување на Законот.

Во делот на создавање повеќе институции би го дал следниот одговор:

точно е тоа дека во законот се наведени четири институции како нови, но јас за секоја од нив би кажал по нешто.

Прво, формирањето на информативен систем е обврска што мора да ја направиме за постојниот информационен систем, а како еден сегмент или еден слој од тој систем, точно претставува под системот за заштита и унапредување на животната средина. Од тие причини моравме и во Законот јасно и гласно и децидно да се определиме за ваков информационен систем, со што би биле прво, во рамките на просторниот информационен систем, а второ би ја направиле обврската и на ова поле да постои потсистем.

Инаку, морам да кажам дека тука не планираме некои нови енормно голем број на вработувања, но оние кои ќе го водат тој потсистем во Министерството, просторниот информационен систем ќе го водат и овој потсистем, овде само се создава обврската за координација и работа на овој информативен систем.

V/1 ДВ/НД

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:** (Продолжение)

Формирањето на нов завод за заштита и унапредувањето на животната средина, ако добро се следи текстот ќе се види дека фактички е трансформација на досегашниот завод за природни реткости во заводот за заштита и унапредување на животната средина. Или, појачувајќи го сегашниот завод кој постои и кој е во една форма што не е добро ни како завод за природни реткости ниту пак како институција која ги извршува активностите така како што се доверени по законот. Ние ги споивме тие две функции и на некој начин од завод за природни реткости прераснува во завод за заштита и унапредување на животната средина кој ќе преземе одреден број на функции, се разбира со одредени појачувања во тој завод, со што може да се следат сите обврски и надлежности што ги дава овој закон.

Во делот на фондот, морам да објаснам и тоа дека ние не мислевме да формираме посебна институција фонд која ќе се грижи за собирање и распределување на средствата за заштита и унапредување на животната средина. На некој начин бевме приморани од оние кои се грижат за заштитата и унапредувањето на животната средина, надвор од нашата држава и од повеќе меѓународни финансиски институции кои во своите рамки ќе имаат и еколошки фондови, да формираме посебно издвоен фонд надвор од буџетот, фонд во кој ќе се слеваат повеќе инвестиции или повеќе донации и кредити кои ги определуваат меѓународните финансиски институции за РМ, со што ќе бидат убедени дека средствата кои се даваат за заштита и унапредување на животната средина ќе се трошат точно за намената за која се и дадени. Затоа беше неопходно формирање на ваков фонд. Се разбира овој пат се одлучивме тоа да биде правно лице, но во рамките на Министерството за урбанизам или во Секторот за заштита и унапредување на животната средина со

што на некој начин ги задоволивме и барањата, како би можеле понатаму да се појавиме како побарувачи на средства и донации пред се, од повеќе меѓународни финансиски институции.

И на крајот за инспекторатот морам да кажам дека досега во Министерството, во делот за заштита и унапредување на животната средина, заедно со назначените работници во Министерството вкупниот број на вработени беше 5 луѓе. Доколку сакаме здрава животна средина, со ваков број на вработени скоро е невозможно да се следат активностите во делот на територијата на РМ. Од таа причина сметавме да формираме инспекторат. Веднаш да кажам дека се определивме за минималната бројка на инспекторатот од 11 инспектори, или инспектори од редени во поодделни сегменти на дејствување во Републиката, а останатиот дел на следење на состојбите во државата го препуштаме во ресорот на МВР каде што сметаме дека посоодветно и покомпетентно, а се разбира и со поголема бројка ќе може да се прави на секој простор во РМ.

Во делот на оспорувањата на членовите 10 и 11, се разбира тука следствено на тоа е и членот 25 каде што се отстапуваат надлежностите на вршење на мерењата и следењата на состојбите во РМ и отстапувањето на тие надлежности во член 25 преку оддавање на правото од министерот за урбанизам на одредени институции кои денес ги вршат тие надлежности. Морам да кажам дека и понатаму стоиме на фактот дека оние институции кои се регистрирани, овластени и досега ги вршеле тие активности ќе ја продолжат својата активност во доменот во кој ја добиле како надлежност, се разбира со соодветните закони со кои се конституирани и основани. Но, морам да кажам дека сега со постоењето на Заводот за заштита и унапредување на животната средина ќе се појача надзорот и контролата, се разбира и организацијата на следењето и собирањето на тие податоци кои досега, сакале или не

мораме да признаеме дека тоа си го правела секоја институција сама за себе а не на едно централно место каде ќе се дистрибуираат н сите податоци во сферата на информирањето до јавноста. Од тие причини го формиравме и Заводот за заштита и унапредување на животната средина без никаква намера одредени ингеренции кои сега ги вршат одредени институции како што се Републичкиот хидрометеоролошки завод за здравствена заштита да ги одземеме како ингеренции на овие заводи. Напротив и понатаму тие ќе си ја вршат својата дејност во рамките на своите овластувања.

Морам да кажам дека во Министерството ние ги баравме правата и обврските за да можеме одредени појави да ги следиме и да можеме по одредени појави да интервенираме. Досега се случуваше обратното. Многу појави ни се случуваат пред очи на сите во Министерството и едноставно без никаков законски основ не можевме да реагираме. Бевме обвинувани, но немавме можност да го кажеме нашето мислење на соодветен начин, притоа имајќи ги и правата но и обврските за следење на состојбите и интервенирање на тие состојби. Сега сме радосни што дел од обврските ќе ги имаме во Министерството и по одредени појави кои се случуваа во РМ ќе можеме соодветно и да интервенираме.

На крајот би сакал да ја искоментирал онаа одредница — споредни работи. Морам да кажам дека овој закон не е еден од законите кој се грижи за споредните работи. Напротив, ова е базична определба на сите во Републиката. Ако сакаме сите оние закони кои ги донесуваме во претходните постапки да функционираат мора да имаат база или да има здрава животна средина, сите ние тие активности да ги спроведувам. Без тоа не можеме да спроведуваме ниеден од тие закони. Затоа овој закон не е спореден закон но мислам дека е еден од основните закони што го донесува ова Собрание.

Јас морам да ја напоменам својата крнлатица дека нашата татковина не ја наследивме само од минатите генерации, напротив ја позајмивме и од идните генерации, ја позајмивме од нашите синови и ќерки. За да ја оставиме оваа татковина барем онака како што ја наследивме мора да имаме некакви предуслови и некакви обврски, а тоа е денешниот закон кој го ставивме пред Собранието.

Јас би ве замолил денес, покрај поддршката која ја добивме од 25 или 26 организации и институции до овој момент и Собранието во еден амбиент кој досега е наметнат во претходните дискусии, овој закон да го донесе и со тоа на некој начин да започнат активностите за заштитата и унапредувањето на животната средина, се разбира овој пат базирани со еден добар мал устав или закон за заштита и унапредување на животната средина.

**ПЕТАР ТАЛИМЏИОСКИ:**

Почитуван потпретседателе, после излагањето на министерот не сакам да зборувам, меѓутоа самиот збор екологија ми се чини дека е погрешен поим.

Мислам дека самиот закон или насловот јасно кажува,заштита и унапредување на животната средина и природата. Тоа е неговото право име. Погрешна е употребата на терминот екологија.

Ми се чини дека освен терминот екологија и нема друг термин кој толку често го грешиме. Најверојатно тоа доаѓа од нашето непознавање, или неправилна употреба. Меѓутоа, ако се земе дека токму образованите луѓе, луѓето кои седат во овие клупи често го употребуваат тој термин. Колку што мене ми е познато тој термин воопшто не одговара на ова што денес го искажуваме. Затоа многу правилно е ако се каже; заштита и унапредување на животната средина и природата.

Вакви примери можам многу да набројам. Еколошко загадување. Какво е тоа еколошко загадување. Еколошки ги чуваме растенијата. Чудно. Како еколошки ги чуваме растенијата. Некаде сретнав пишува еколошки автобуси, еколошки дезодоранси. Во функција на екологијата уште дури погрешно кога е од министерот и самото министерство кога произлегуваат некои зборови како што се завод за екологија, министерство за екологија, еколошка политика и тн. Дефиницијата за поимот екологија е јасна. Екологија е гранка на биологијата која ги проучува взаемните врски меѓу живите организми и нивните животни средини, како и самите врски помеѓу самите живи организми.

Здравата храна, колеги не е екологија. Не постојат еколошки средини, туку средини со одредени еколошки услови: светлина, температура, влажност и тн. Здрава животна средина не е екологија и не може да има еколошко загадување и заштита, туку само загадување и заштита на животната средина. Ако некој производ се сака да се потенцира и да дојде поблиску до она што го имаме до потрошувачот ние велиме дека еколошки е чист. Тоа само пали во трговијата. Ние и од овие клупи треба да се изразуваме со она што веќе науката го дава и го дала. Можеби јас грешам, ако грешам се извинувам.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Јас би сакал никој да не ми става во уста зборови кои не сум ги кажал.

Апсолутно го поддржувам претходниот дискутант дека зборот екологија не смее да се употребува во ниеден од термините онаму каде што не му е место, а во законот сигурно нема такви термини каде што се спомнати како екологија. Значи, ако добро се прочита законот зборот екологија скоро и да не се појавува. Се појавува на едно место еко данок и еко производ, како синоним на нешто што е популарно и во светот.

Зборот екологија во законот не постои. Претходниот дискутант тоа може добро да го прочита и доколку постои такво нешто тогаш да се сугерира. Инаку во моето изјаснување зборот екологија не го употребив и нема да го употребувам, но заштитата на животната средина е терминот со кој се служиме сите во Министерството и сите оние кои се занимаваме со оваа проблематика.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, јас го поддржувам донесувањето на овој закон затоа што времето во кое живееме е карактеристично со еден еуфоричен развој на науката,што се огледа низ неконтролираната индустријализација, агрохемизација, трка во обоената индустрија, а поготово во областа на нуклеарното оружје и се тоа како да создава едно лажно чувство кај човекот дека ја остварува својата желба да надвладее со се во природата и како да заборава на сопствената опиеност дека во тој растеж, исто така придонесува и во деградацијата на човековата околина. Оттука, потребна е една законска регулатива со која треба да се нормираат и ограничат тие аспирации и желби на човековата индивидуа во борбата за економски престиж. Меѓутоа, исто така, точно е дека во ова време на пазарна економија сепак е евидентно дека економскиот интерес е подоминантен и во желбата за профит. Често и субјектите па и органите забораваат дека ставањето на преден план на економските интерес поготово во услови на криза не е така едноставно прашање и дека врз тие односи со еден закон треба да се постави една регулатива затоа што сурова е реалноста дека се загрозува и деградира човековата околина.

Во ова време решавањето на тоа прашање мене ми изгледа многу комплексно. Имам убедување и покрај тоа што сега го поддржувам овој закон дека има бројни празнини во него. Овој закон не може да ја отстапи целокупната проблематика без една релевантна дискусија на луѓе од областа на јавното право, на луѓе од областа на граѓанско право, на луѓе од областа на економското право и од областа на економијата. Ова го велам од причина што денес ни најсилната економска заедница во светот Европската унија има донесено некаде околу 150 прописи и конвенции од областа на заштита и унапредување на човекова околина. Меѓутоа ако го земеме сега нашиот устав и изградбата на граѓанско цивилно општество познато е дека институтот на сопственост е воздигнат на пиедестал на основни човекови права. Исто така и правото на здрава животна средина е подигнат на пиедестал на основни човекови права и слободи., како права од областа на цивилното право и граѓанското право. Меѓутоа ако тоа се конфронтира со еколошкото право, ако тоа се конфронтира со аспирациите за економски престиж, секако дека имаме бројни судири меѓу индивидуата како граѓанин, како сопственик, а исто така и меѓу еколошките права па потоа, исто така бројна проблематика од областа на јавното право, бидејќи ние велиме дека кога оствaруваме некој проект во областа на индустријата агрохемија и тн. секогаш се користиме со одредниците на јавно право односно го поставуваме јавниот интерес како доминантен, со што се ограничува сопственоста, а исто така се ограничуваат и одредени граѓански права во повисоки општествени интереси. Тука ја имаме и проблематиката од областа на соседните права. На пример забранието е менување на природниот тек на водите, правото на спроведување на водоводни и канализациони цевки, цевки за спроведување на гас, електрични кабли, столбови и жици и тн. што спаѓаат во областа на соседните права. Потоа имаме и други прописи од оваа област. На

пример Законот за основните сопственички права што ние го имаме преземено како републички закон со уставниот закон за спроведување на законит од бившата држава, а некаде ги имаат во некои држави, како на пример во Хрватска каде овој закон е чисто преземен, Законот за сопственичките права, па Законот за облигациони односи каде што ја гледаме индивидуата како еден од основните промотори на заштитата на човековата околина кога му е загрозена неговата сопственост. Се тоа претставува еден многу голем комплекс, поготово кога имаме во вид дека 12 0 нормативни акти во Републиката се донесени за разрешување на на оваа материја. Меѓутоа, сепак да прифатиме и јас имам одредено убедување дека сепак со ова создаваме една основна законска рамка да може да се канализираат проблематиката за заштита на човековата околина и заштитата на правата на човекото како индивидуа, за живот во човековата средина и спречувањето на нејзината деградација. Меѓутоа, тоа би го сметал само како еден почетен акт, со тоа што ова проблематика е многу комплексна и имам убедување дека тешко може да се стави во една рамка, како што е овој закон, целокупната проблематика, затоа што таа сепак треба да дозволи разрешување на одредени проблеми од заштита на човековата и животната средина како лек специјалист, односно со законите од посебните сфери, а што имаа влијание на деградацијата и на аспирациите на зачувувањето на човековата околина.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ** : (ПРОДОЈ1ЖЕНИЕ)

Сега, исто така, ако ја земеме шемата на организација, велиме ќе имаме информативен центар. Јас незнам дали тој центар може толку да информира и толку да биде стручен и компетентен и со толку стручни компетентни луѓе да може баш да ја знае целокупната проблематика од сите сфери што значи загрозување на човековата околина и нејзината деградација.

Потоа, велиме дека ќе формираме исто така и завод, па во него ќе стави и инспекторат. Па, во инспекторатот треба да има стручни и компетентни луѓе кои исто така треба да имаат многу знаење од оваа проблематика. Па, велиме дека ќе направиме една национална програма, потоа велиме дека ќе формираме и фонд. Во тој план го ставаме и еколошкиот како извор на средства и еколошкиот додаток од 4%. Сега, дали вие сте анализирале кога ние го осигуруваме моторното возило, колку елементи во структурата на плаќањето имаме, па и 4% еколошки додаток. Дали не треба да се елиминираат некои работи во структурата на давачките и трошоците што ги даваме за Автомото сојузот на Македонија, или треба оваа структура исто така да се реформира, па да знае граѓанинот за што плаќа навистина. Јас се согласувам дека треба да имаме од основицата на осигурувањето 4% како еколошки додаток за обавување на функциите кои ги предвидува овој закон. Меѓутоа, сега не можеме моторното возило да го претвориме извор на средства за се што ни треба. Па, за црвен крст, па натаму патишта, и натаму и имаме една структура на оптоварување, односно на зголемување на јавните давачки заради задоволување на некои потреби на администрацијата. Така, и покрај сите работи што ги набројав јас го прифаќам донесувањето на овој закон, меѓутоа, мислам дека на многу пошироки основи треба да се работи за донесување на еден навистина валиден закон кој што одговара и на времето и на условите во кои што

живееме. Не само да велиме дека една проблематика ја решаваме и велиме еве донесуваме закон како што го донесовме Законот за пушењето и остана една парадигма која што нема резултати во практичниот живот.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор господинот Фаик Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Почитуван потпретседателе, почитуван министре, дами и господа пратеници. Сигурно од големо значење е донесувањето на овој закон и ги ислушав сите дискутанти, па верувам дека никој лошо не мисли на овој свет на Земјината топка, па и на Република Македонија. Но, јас би се осврнал на две работи на кои што треба да внимаваме сите ние, прво ние овде на нашето граѓанско однесување, на нашата граѓанска култура, на нашите навики каде и како фрламе отпадоци, колку ѓубриња создаваме, сме навикнале, ја зборувам не од оној еколошки аспект загадување аеро од фабриките и тн., зборувам онака за народот малку, за нас. Навикнавме на некои големи пластични кеси да го собереме ѓубрето, па потоа земавме канти и со тие канти направивме урнебес за никаде и сега имаме контејнери. Па контејнерите ги гледам на телевизија чукнати баш таму, односно наместени каде што не треба. Секој ги гледа и никој за нив не води сметка. Значи, многу работи од ова што разговараме зависи од нашето однесување како ние се однесуваме спрема таа нечистотија, спрема таа кал што за жал ја газат нашите граѓани, што поминуваат, да кажеме преку мало нивче, па се претвора и она парче во кал, чистејќи ги кондурите таму и тн., а тоа значи дека не сме стасале како граѓани до онаа да кажеме до Европа, до светот за да можеме прво сами да бидеме чисти, односно не мислам буквално сами,

да си ги чистиме авлиите, дворовите, комшиите да делуваме кај нив, таму каде што живееме и тн. Јас верувам дека со создавањето на овие 123 општини состојбата во многу ќе се измени и верувам дека барем овие проблеми што ги викаме локални, што се човечки и што зависат од човекот локалната управа полека ќе почне да ги решава, а верувам во она се што пишува во законот и дискусиите нека некој не мисли дека е тоа краткорочна работа и за пет дена овој министер господинот Јорго Шундовски ќе реши се и ќе имаме чиста и здрава средина, екологија како оној кој сака да каже, па добро го одомаќивме тој термин екологија. За пет дена сето тоа нема да биде, сигурно тоа е долгорочна работа. Но, долгорочна е ако сите се ангажираме да биде така. Јас верувам и во нашите буџети ќе издвоиме доволно средства онолку колку што можеме да издвоиме средства за создавање на една здрава и чиста средина, а тоа е за нашите деца, за нашите внуци и за генерациите што доаѓаат. Меѓутоа, во основа е дали ќе можеме сами себе да се измениме, или потребна е, ние сме во демократија, или потребна е некоја присилна култура, принудна култура со луѓето да не смее тоа да го прави, инаку ќе биде казнет. Што да се одбере? Да се вратиме назад не можеме. Мораме да одиме напред во демократија. Со убаво, со арно, со добро, ем ќе го молиш ем... итн.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам да се повикаат пратениците да влезат во салата.

Комисијата за екологија, млади и спорт поднесе амандмани на член 2 точка 2 и 4 за менување на точките 8 и 13, член 9, член 12, член 15, член 17, 21 став 2, член 24 став 3, член 25 став 1 и 2, член 34 точка 1,

2,3,4,5 н 7 и на член 42 точка 4 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандмани на член 1 и на насловот на дел II, член 5 став 2, член 30, член 31 став 1, член 33 став 2, член 45 став 3 и 4, член 56 став 1, член 59 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Марјан Начевски поднесе амандман на член 21 за менување на став 3, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Пецо Стојановски поднесе амандмани на член 21 став 1 и на член 34 точка 1 и 2, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Томислав Стојановски поднесе амандман на член 21 за додавање на нов став 4 по ставот 3 и на член 54 за додавање нов став 2, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Милчо Трајков поднесе амандмани на член 24 став 2 и 4, член 34 став 3, точките 3 и 4 за менување на став 2 за додавање нова точка на член 36 по точка 6 член 37 по точка 4, член 38 по точка 4, член 39 по точка 5 и член 41 по точка 5 и на член 43 за додавање нов став 2, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Јован Николов поднесе амандмани на член 25 за додавање нов став по ставот 1, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Драгољуб Поповиќ поднесе амандмани на член 11 за менување став 2 и за додавање нов член 11-а, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Душко Николовски, Здравко Стојковски поднесоа амандман на член 34 став 1 и 2 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 и во насловот на делот II, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Се прифаќаат амандманите.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 2, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 21 став 1, поднесен од пратеникот Пецо Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака?

17 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 21 за менување на ставот 3, поднесен од пратеникот Марјан Начевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

И овој амандман не се прифаќа.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Ниеден глас не беше за.

Констатирам дека Собранието не го усвои предложениот амандман.

Отворам претрес по амандманот на член 30 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 31 став 1, под- несен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

И овој амандман се прифаќа.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 33 став 2, под- несен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 34 точка 1 и 2, поднесен од пратеникот Пецо Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 45 став 3 и 4, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 56 став 1, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

И овој амандман се прифаќа.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 59, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

VI/8.-

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

И овој амандман се прифаќа.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 21 за додавање нов став 4 по ставот 3, поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

(Меѓувреме во салата пристигна претседателот на Собранието Тито Петковски и тој продолжи со седницата).

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 54 за додавање нов став 2, поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Овој амандман не може да се прифати.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри и колеги пратеници, веројатно во доставувањето немаше време да се погледа овој амандман подетално. Се работи за подобрување на текстот и за одредбите од законот, бидејќи се работи за локалитети на кои е извршено загадување на животната средина, а не е познат сопственикот, ниту правното и физичкото лице. Проект за санација ќе изврши Владата на Република Македонија. Тоа е она што го дискутираме, загадени реки, патишта, простори, диви депонии, времени депонии, некој нив сега треба да ги расчисти, за да потоа може законот да се применува, треба да имаме

една чиста состојба. Мислам дека би требало да се прифати амандманот, затоа што е во прилог на законот да може да биде ефикасен и да биде оперативен. Некој мора да ја покрене таа првична акција, активност за да потоа можеме да ги спроведуваме и санкциите и казните.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Девет пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 24 став 2 и 4, поднесен од пратеникот Милчо Трајков.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Не се прифаќа овој амандман. Станува збор за замена на временскиот период од пет години на три години на адаптација на оние кои имаат капацитети кои загадуваат во капацитети кои не загадуваат. Мислиме дека временскиот период од три години ќе биде многу краток и после многу брзо после тоа ќе треба да се интервенира во продолжување на овие временски периоди. Да не би имало продолжување на периодот и овој закон повторно да не се претвори во еден од декларативните закони, подобро е во текстот онака како што е предложено да биде пет години, зашто од тие причини амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Трајков има збор.

VI/10.-

**МИЛЧО ТРАЈКОВ:**

Јас би сакал да се дообјасни целата ситуација, прво, со Предлог-законот во преодните и завршните одредби стои една година за изработка на еколошко - технолошки елаборат. Значи, се работи за една година. Потоа, согласно решението кое што следи во амандманот три години, со тоа што уште плус три години со дозвола на Владата може тој период да се продолжи. Значи, се работи за вкупно седум години. Јас се прашувам една работа, ако ние уназад во овој период на транзиција досега не сме се однесувале еколошки, дали тоа значи, мислам поедини правни и физички лица дали тоа значи дека тоа сега и тие 10 години кои што по ова претходно решение кое што го нуди Владата, односно Министерството за урбанизам дека тие за тие 10 години ќе се престројат.

Второ, во суштина, односно суштината на овој закон јас мислам дека е заштита на животната и човековата средина. Значи, човекот е средината на законот, а не загадувачите.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (23 )

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 34 став 3 точка 3 и 4 за менување на став 2 поднесен од пратеникот Милчо Трајков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Овој амандман е веќе прифатен од комисиите. Тоа е околу зборот доктор по медицина во член 34 став 1 точно таму каде што е напишано "доктор по медицина аудиолог".

**МИЛЧО ТРАЈКОВ:**

Една друга работа. Се работи за појаснување. Амандманот се однесува на член 34 став 1, грешка е тука во пишувањето, став 1, меѓутоа точка 3 и 4 каде што не стои професијата доктор по медицина а се однесува на институтот инспектор на заштита на земјиштето од загадувања и на инспектор за заштита од штетна бучава. Мислам дека и во едниот и во другиот случај со оглед на компетенцијата на здравствениот персонал, на лекарите би требало и тука да стои институтот "доктор по медицина".

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (11)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нова точка на член 36 по точка 6, член 37 по точка 5, член 38 по точка 4, член 39 по точка 5 и член 41 по точка 5 поднесен од пратеникот Милчо Трајков.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 43 за додавање нов став 2 поднесен од пратеникот Милчо Трајков:

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 11 за менување на став 2 поднесен од пратеникот Драгољуб Поповиќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 11-а поднесен од пратеникот Драгољуб Поповиќ.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа затоа што оваа материја е уредена со член 23 каде што се формира можност за изготвување на катастар и карта на загадувачи.

VII/3.-

**ДРАГОЈБУБ ПОПОВИК:**

Почитуван претседателе, почитувани минситри, колеги министре во член 23 што кажа г-динот минситер се напомнува за изготвувале за карта на загадувачи. Тоа е веќе за објекти кои веќе постојат. Со мојата иднина предлагам да се утврдат критериуми на база на кои ќе се спречи градба на нови објекти загадувачи, односно критериуми каде можат да бидат тие изградени. Во таа смисла предлагам Владата во рок од 12 месеци да донесе уредба со која ќе се класифицираат објекти според степенот на загадувачи и определат заштитни зони според кои можат да се градат, односно не можат да се градат тие објекти. Исто така, став 2 од оваа дополна се однесува во член 59 е кажано дека Владата ќе донесе законски мерки во рок од годинадена. А член 61 кажува дека овој закон се применува 8 дена по неговото усвојување. Што ќе кажат правниците, се јавува еден правен временски вакум од година дена во кзј период можат да бидат изградени голем број на објекти кои претставуваат загадувачи за блиската околина поготово во населените места. Од тој аспект предлагам примената до овој период од година дена додека се изготви оваа уредба и други пратечки регулативи да важи правилникот за класификација на објекти кои загадуваат кои со испуштање на материи го загадуваат воздухот во населените места и определување на заштитни зони кој Правилник е објавен во Службен весник на СРМ 13/86. Значи овој Правилник да биде на сила додека не се донесат новите законски регулативи кои ја регулираат оваа материја. Со тоа би го оттргнале и овој правен вакум од година де Затоа ве молам да го поддржите овој предлог. Мислам дека тој содржи суштинска дополна на загонот и е во функција на правилна примена на законот.

VII/4.-

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Како би ја потврдил претходната реченица дека амандманот не се прифаќа би салак да го дадам дополнително и следното образложение. Секој објект кој се гради во РМ ако станува збор за ново градените објекти е должен доколку има технологија да има еколошки елаборат со кој ке потврди дека тој не загадува, или не ја загадува животната средина. Од тие причини не е потребно да се носат никакви правилници ни посебни уредби за новоградени објекти кои ќе загадуваат, или нема да загадуваат тие однапред со таквата документација која ја доставуваат се веќе елиминирани за градба доколку се потврди дека тие се еколошки загадувачи. Значи за ново градените објекти апсолутно не е потребна ваква формулација, или ваков член од Законот. Доколку станува збор за старите загадувачи во рок од 12 месеци по изготвувањето на техничко - технолошки елаборат за кој ќе потврди дали е еколошки загадувач или не е еколошки загадувач, тогаш може да се процени дали тој ќе влезе во катастарот на загадувачи како објект кој ја загадува животната средина, или не е објект кој не ја загадува. Значи, ваква формулација ниту за новите, ниту за старите објекти во овој момент не е можна и не е добра да постои во Законот. Затоа амандманот не се прифаќа.

**ДРАГОЉУБ ПОПОВИК:**

Мислам дека со прифаќање на овој член што го предлагам ги објективизираме условите при давање на согласности за градба на објекти. Тоа досега беше решено како што кажав со Правилникот објавен во Службен весник 13/86 со кој сите објекти беа групирани, во одредени групи на загадувачи, класи и за тие класи беа определени заштитни зони. На пример ако кажеме дека еден капацитет за кланица, или фарма или бензинска пумпа точно се знае во која класа на загадувач спаѓа и тој

објект во која близина на населено место не може да биде изградено. Да речеме фарма не може да се изгради на иљјада метри, бензинска пумпа не може на 200 метри, кланица не може да биде на 500 метра до населено место. Мислам дека ова се битни елементи кои до сега беа регулирани со овој Правилник. Со новиот закон кој го усвојуваме тој веќе не се применува и доаѓа до една празнина се додека не се донесат новите прописи, како што е кажано за година дена ќе се донесоа новите прописи кои ќе ја регулираат оваа материја. Од таа причина се јавува овде правна празнина. Предлагам да ја прифатите оваа дополна бидејќи со тоа ќе спречиме во рок од една година не се изградат објекти загадувачи во населени места за чие натамошно решавање би довело до големи проблеми и на самите капацитети кој ќе се изградат, а и до загрозуваше на човековата средина и услови за живот на граѓаните кои живеат во тие населени места.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот го ставам на гласање,

Кој е за , молам да крене рака? (28)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 25 за додавање нов став по ставот 1 поднесен од пратеникот Јован Николов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ЈОВАН НИКОЛОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, измената на членот 25 треба да биде во функција на оние кои што сега моментално работат на состојбите и загадувањата, а тоа се Републичкиот завод за здравствена заштита и Заводите за здравствена заштита.

Во членот 11 Законот предвидува дека Министерството за урбанизам и заштита н а животната средина ќе одредува стручни екипи кои ќе вршат дејности од надлежност на овој закон, но не се тие определени. А со додавањето на новиот втор став после првиот во членот 25 поблиску ќе се определат институциите кои што ќе вршат одредени испитувања за заштита на човековата околина со тоа што овие институции веќе и кадровски и со опрема се опремени да имаат таква функција. Мислам дека нема да биде на одмет ако се дополни со овој став членот 25 од овој Закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Во членот 11 поставена е надлежноста да министерот, или како сега го прифативме амандманот Владата да определува одредени надлежности во одредени институции за мерење и следење на податоците и промените и состојбите во одредени дејности доколку вака како што е предложен амандманот остане само Заводот за здравствена заштита, а оние останати и други не ги наведеме, а постојат повеќе како што е и Републичкиот хидрометеоролошки завод и други институции во државата. тогаш не би било коректно да ги набројуваме или да наброиме само еден, а другите да ги испуштиме, или воопшто да набројуваме институции од таков карактер. Добро е да остане дека Владата, онака како што го прифативме амандманот, Владата ќе ги задолжува

институциите кои се формирани и регистрирани за оваа дејност да ги вршат мерењата и. следењата на појавите во сите компоненти.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)=

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (16)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 34 точка 1 и 2 поднесен од пратениците Душко Николовски и Здравко Стојковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Едно потсетување, да не направиме грешка. во Амандманите од г-динот Стојановски според оваа наша евиденција не сме се произнеле по амандманот на член 54 за додавање нов став 2 кој гласи: за локалитети на кои е извршено загадување на животната средина и природата, а не е познат сопственикот ниту правно, или физичко лице, извори на загадувањето, проект за санација и негова реализација ќе изврши Владата на РМ.

Отворам претрес по амандманот.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Мислам дека амандманот не се прифати, имаше расправа за него

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Го повлекува г-дин Стојановски.

Дали некој бара збор по текстот на Предлогот на законот? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (84)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за заштита и унапредување на животната средина и природата.

Минуваме на точка 2 - Предлог на законот за тутун Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.,

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор?

**НИКОЛА ПАРАКЕОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Со оглед на времето изминато и трпението, а особено заради претходната точка и Законот кој што го оценивме сите како еден основен добар закон и за генерациите сегашни и идни, се надевам дека не е мала несреќа на точката предмет на оваа точка, односно Законот за тутун дека ќе го привлече исто така вниманието затоа што се работи за една култура за која што ќе се потсетиме сите во една прилика во овој Парламент па со многу чувство за таа култура, за работниците, за земјоделците кои што

се занимаваа со оваа култура зборувавме и еве денеска го имаме тој Закон на дневен ред и мислам дека треба да му се обрне нужното внимание.

**НИКОЛА ПАРАКЕОВ:** (Продолжение)

И во други прилики сме говореле дека ги сублинира сите фази во производството, во откупот, прометот и делот на државата, санкционирањето на дејанија кои што се надвор од законот и најважно во тој смисол е што веќе се прекршува онаа монополска позиција на досегашната организираност, производство и прифаќање на тутунот и се дава една поширока можност, една поголема либерализација во односите на оваа гранка со што се зголемува и конкурентноста , а сигурно тоа ќе биде и предуслов за добивање на квалитет и подобри приходи од оваа култура.

Се јавив да кажам неколку збора и заради тоа што веќе и денеска добар дел од тоа што е предвидено во законот , во праксата веќе се применува затоа што покрај другите погодности кои што обезбедуваат сигурност во инвестирањето, во влегувањето особено од странство во оваа гранка, денеска го имаме тоа да веќе неколку комбинати во Македонија работат заедно, формираат заеднички фирми со странски претпријатија да веќе денеска скоро и да не е познат проблемот на исплатата на откупениот тутун и мислам дека и цената е барем од ова што и досега го имаме како сознание ги надминува и основната гарантираната цена и тоа се предуслови заедно со овој закон, со неговите членови во наредниот период тутунската култура да го заземе своето место што и припаѓа по почвените, по климатските услови и по тоа што производителите на тутун ја познаваат културата и знаат да произведат добар квалитетен тутун кој што ќе најде место особено на странските пазари.

Оттука. препорачувам законот да биде прифатен и заради фактот што тој беше донесен во една навистина процедура во која што учествуваа и научни работници и преработувачите и производителите на

тутунот и релативно малиот број на амандмани кои што повеќе се во делот на подобрување и појаснување на текстот, а сепак говори за еден материјал, еден закон од кој што во наредниот период можеме да очекуваме добри резултати за оваа култура.

Благодарам.

**СЛАВЧО ЧАПОВ:**

Почитуван претседател, дами и господа пратеници, господа министри, незгодно е да се зборува за еден закон за тутун, а да не станеме ние барем производителите во нашите општини. Имаме после долго време после долги паузи, пред нас е законот за тутун кои и те како е добар, со неколку забелешки , меѓутоа однапред еве се изјаснувам како ќе гласам, го прифаќам законот, меѓутоа би рекол нешто бидејќи нашата општина Радовиш сега и новоформираните општини Подрш и Конче примерна гранка во производството им е тутунот и главна егзистенција за живеење им е тутунот. Знаете количински сме негде први во Македонија, по број на население, а секако втори по бруто производс, после Прилеп, а квалитетот е еден од најдобрите во Македонија.

Јас би сакал само во кратки црти да се задржам на некој член од законот и тоа кога би ги анализирале членовите еден каде се вели "со овој закон се уредува организирано производство, откуп и обработка на сиров тутун", каде во член 3 се вели како вид на индустриско растение е добро од општ интерес за Републиката и каде во член 4 се вели Републиката го поттикнува производството на тутун во регионите во кои постојат природни услови за производство на тутун. Мислам дека е сето ова добро, целата легализација е што се дава при вклучувањето ан договорите со посебни општини, реони и региони, меѓутоа  само едно

кога беше разгледувано и на Комисијата за земјоделие, водостопанство и шумарство, член 8 каде во став 3 се вели " за поттикнување на производството на тутун Владата на РМ донесува годишна програма". Сета дискусија во Комисијата беше точно дека треба Владата да донесе годишна програма , меѓутоа годишната програма до кога трае да ја донесе за тековната година. Ако веќе се вклучуваат договори до 31 март тековната година, тогаш обеавезно треба да биде изготвена програмата, програмата од Владата барем до 31 ,март, ако не и порано каде ќе бидат поттикнати прашањата околу количините на производство на тутун, откупната цена или договорената цена на тутунот, кои би делувале стимулативно за производството на тутун, барем во ОНЈ општини каде главна егзистенција им е тутунот.

Јас би прашал од Министерството или од Владата, во медиумите односно во дневниот печат минатата недела имаше образложение за идното производство на тутунот дека заштитната цена, откупната цена не смее да биде помала од договорената, меѓутоа во весникот пишуваше дека поради усогласување на цените на тутунот идното производство односно наредното производство кога ќе биде законот на сила дека ќе биде 70% од овогодишната цена . Со тоа значи да се усогласи цената на тутунот во Македонија со европскиот пазар. Такви дестимулации не би требало бидејќи луѓето се интрегирани од тоа и не сакаат да произведуваат односно склучувањето на договори ќе биде на минимум ако тоа се декларира така низ луѓето.

Стимулот за производство на тутунот знаеме што е. Бидејќи тутунот е една тешка гранка производствена која бара 6 до 8 месеци производство, која бара простор, место, време, стимулот за производство е секако произведување на семенски материјали кои се

предвидени со законот, авансирање кое е предвидено без разлика дали е позитивно или негативно, дали забелешките ќе бидат прифатени или не, меѓутоа е предвидено и цената на откупот. Тие се сите стимули за производство односно тоа се условите кои ги бара производството на тутун, не само во нашата општина туку низ целата Република.

Ја с не сакам да Ве замрам бидејќи знам во каква ситуација сме денес веќе при крајот, меѓутоа изготвувачот на програмата, а тоа е Владата треба добро да размисли што понатаму со опстанокот ан тутунот. Ако оди со овие цени, со оваа либерализација сигурно дека ќе имаме понатамошно зголемено производство, добар квалитет и се според предвиденото во законот. Меѓутоа, ако се оди на тоа усогласување према европскиот пазар односно према пазарот на цените на тутунот во Европа, а тоа да изнесува 70% во наредните производствени години тоа би било дестимулативно и барам од изготвувачот на програмата едно што временски мора да ја донесе до склучување на договорите за следната реколта и да обрне поголемо влијание на откупната односно договорената цена.

Благодарм и ќе гласам за овој закон.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, мислам дека Предлог законот односно проблематиката за тутуновото производство денес е на дневен ред пред Парламентот во изминатите 12 месеци е по трет пат. Имавме една расправа, друга расправа, ова е трета расправа и лично партиципирав во таа расправа и тоа нај аргументирано јас сакам од ова место, а се сен"вам пред 4-5 месеци имавме еден заклучок на Парламентот со гласање требаше ресорното министерство за земјоделие во кое ќе биде вклопено тутуновото производство да даде една визија за земјоделието во наредниот период.

VIII/5.-

Јас морам од ова место да кажам дека сум како субјект кој го бара тоа разочаран затоа што до ден денес ни еден субјект од ресорното министерство, стручните служби и од самиот почитуван министер за земјоделие, Паракеов, не добивме ниту усмена ниту писмена информација. Затоа апелирам до Парламентот ако е тоа заклучок на Парламентот, мислам дека е обврска одговорно да преминат на заклучокот и да ни одговорат во писмена форма што се е направено. И покрај тоа што ја почитувам усмената информација на министерот, но тоа не е доволно за проблемите кои ги имаме во аграрот.

Бидејќи тутуновото производство е осетливо производство не како дејност затоа што околу 200, 250 илјади граѓани можам да кажам 60, 70% живеат исклучиво од тутуновото производство. Дали ние со овој закон направивме многу и дали е тоа доволно во најголем дел 70-80% да ги разрешиме проблемите во тој случај можам да бидам не до крај задоволен затоа што во Предлог законот за тутни можеби не може од тоа да влезе, но мора Владата на РМ , ресорното министерство да има во предвид дека стимулациите никаде не се спомнуваат ниту се залагаме, а само површински да го погледаме Буџетот, ниту во буџетските средства не се влезени. Се прашувам дали овие 200,250 илјади граѓани што живеат во најголем дел како основа егзистенција е тутунот ги ставаме во иста или во по неповолна положба. Затоа апелирам према Ресорното министерство, према Владата на РМ и кога ќе го донесуваме Буџетот за земјоделието, за аграрот, посебно за тутуновото производство, мора да имаме разбирање. Зошто велам да има стимулации. Ако нашиот извоз цирка, 60,70 милиони долари годишно и да имаме 10% стимулации, тоа е 6,7 односно до 10 милиони долари, тоа за земјоделецот, за тутунското

производство е огромна поддржа, економска за да опстане во овие услови на живеење. Јас се прашувам зошто на пример ако имаме околу 50 милиони долари социјала, да кажеме да имаме 40 милиони долари социјала, а 20 милиони долари директно ќе ги усмериме кон стимулација на земјоделието, пред се на тутуновото производство.

Мислам дека во овој момент многу е побитно да го стимулираме тутуновото производство отколку да имаме голема цифра за социјалата, тоа треба да постои, но ова социјала што живее околу 60 илјади домаќинства, да речеме сега ќе ги коригираме, а дали ќе ги усмериме со стимулација на тутуновото производство многу е подобро. Не само поради ова од година во година производството ни опаѓа. Ако ние имаме 60 милиони долари извоз од тутун, ова за мене е нето девизен ефект 30 милиони долари. Извезуваме работна рака од сите генерации на живеење. Од пионерот, младинецот, возрасниот, старецот и т.н. Значи работната рака ја извезуваме и затоа, ако ние сме заинтересирани за извозот, а тутунот оди , секој производ, на извоз, мора Владата на Република Македонија и ресорното министерство и ние како Парламент кога ќе го донесеме буџетот да имаме стимулации на земјоделието односно тутуновото производство.

Во глобала, со одредени пропусти, мислам во завршна фаза го прифаќам, но енергично и принципиелно, аргументирано ќе се залагам за секој грам производство на тутун, да земјоделието се стимулира во наредниот период, а пред се кога ќе го донесеме Буџетот, овој Парламент треба да има високо разбирање према овие наши граѓани кои живеат исклучиво од земјоделието и од тутуновото производство.

VIII/7.-

Почитуван претседателе, почитувани пратеници министри, пред нас денес го имаме законот за тутун кој што долго го очекувавме и може да се рече дека во овие 6 години имавме безброј законски проекти, но никако да дојде крајот. Верувам дека на денешниот ден со нараснатите промени во производството на тутун, како и уставните определби за слобода на пазарот и еднаква правна положба на сите субјекти токму ја наметнаа потребата од донесување на еден ваков важен закон. Ако се разгледува од неговата важност ќе видиме дека не постои друга култура која што е така застапена и да не речам после пченицата , се разбира, е толку застапена што овозможува најсиромашните слоеви од населението да бидат вклопени токму во тутунопроизводството, да овозможува најсиромашните почви на РМ да се искористат токму за производството на тутун и да не речам дека државата е таа која што исклучиво така речено не знам од која друга култура би имало такви големи приходи.

Тутунот претставува специфичен земјоделски производ кој не може да се исповести со другите производи на пазарот. Големата разлика што се јавува помеѓу цената на тутунот како суровина и цигарите како готов производ е од извонредно значеше она што го реков за државата. Токму заради тоа тутунот може да биде производ од посебен интерес за илегална трговија. Покрај тоа , тутунот е од битно, она што го нагласив социјално значење.

Скоро во сите земји производители на тутун производството на тутун е добро организирано. Ако добро го посматраме ние ќе видиме дека од земја која што бевме производител и земја која што бевме извозничка на тутун станавме земја веќе увозничка на тутун. Нека не

се сфати буквално, но нека се сфати онаа бројка што ние ја имавме од 35 милиони килограми и денешната бројка што ја имаме 18 и девесто, 19. Тоа значи дека производството е преполовено. Ние веднаш да се префрлиме таму каде што еден град Прилеп кој што има 20 илјади невработени, 20 илјади од кои 10 илјади се неквалификувана работна рака тутунот производството го занемаривме од тие 7 милиони килограми и дојдовме од 3 на три ипол милиони килограми.

Не донесувањето на законот за тутун овозможени нешто друго по специфично, а да не речеме дека оние земји кој што до вчера имаа три пати, четири пати повеќе производство на тутун, да не ја спомнувам Турција, тука е Грција, Бугарија и т.н., посебно Грција, денес веќе ги мина границите и дојде во нашите стопански организации токму ради она што го нарекуваме ние нашето жолто злато. Дури со навлегувањето на други странски фирми се овозможија кражби на тутунот од една во друга организација, а верувам токму со овој закон што денес го имаме ќе ги решиме тие проблеми и ќе се знае кој е тој производител што треба да го има она своето, кој е тој производител што ќе вложи за да може да го добие. Но, дали секогаш е така. Навистина ако се повратиме наназад ќе видиме нешто друго. Ќе видиме токму од тој тутунопроизводител беше птица со скршени крила, тој само знаење да го носи кошот на рамо, а на крајот на краиштата не добиваше ништо од тоа. Мислам дека денешниот ден и со навлегувањето на друг капитал во нашата држава видовме дека тутунот треба да се цени, дека треба повторно да се вратиме на нашите тутунски полиња, треба поново да се заангажираме, нормално не заборавајќи она што значи права негова вредност.

**ПЕТАР ТАЛИМИЏИОСКИ:** продолжение

Јас нема да зборувам денеска и за паритетот, но токму ќе зборувам за овој закон. Навистина законот се градеше, го градевме сите заеднички и го изградивме. Наидовме на добро разбирање Тоа не беше на денешниот ден што ние ќе го донесеме дека го изградивме и сега ќе го промовираме. Меѓутоа, ценам дека Министерството за земјоделие вложи крајни напори и она што го даде како нацрт потоа и она што беше како предлог денеска што го имаме и разбирањето внатре заедно со сите нас Комисијата за земјоделие и другите комисии успеавме да внесеме повеќе амандмани ги консултиравме организациите на Југотутун, се консултиравме самите за да можеме сите оние аномалии кои постоеја да ги изменине. Верувам со прифаќањето на овој закон ќе се тргне по вистинскиот пат, а верувам со прифаќањето на оние амандмани кои постојат и се во интерес на тутунопроизводството и работните организации ќе се овозможи да имаме добар закон кој ќе претставува огледало и ако има некои проблеми во иднина ќе можеме да ги надминеме.

Имам една покрупна забелешка тоа е забелешката која не знам зошто беше изнесена во предлозите, нацртите, мислам на поранешните законски нормативи тоа се однесуваше на системскиот третман на тутунот. Како да го скративме тој закон. Дадовме една теснина каде од едната страна го поставивме тутунопроизводителот, а од другата страна е организацијата. Точно е дека Министерството како власт е тука и кое има свои ингеренции во законот, законските норми и прописи, но јас не ја гледам државата освен во членот 8 каде е ставена. Ако овој системски третман во однос на премиите, на субвенциите и на ред други повластици кои треба да ги добие тутунопроизводителот беа внесени и државата стоеше зад сето ова јас ценам дека ќе се исправеше и таа

голема грешка.

Знам дека нашиот производител како и самата култура е екстензивна, но да не бараме дека ќе сториме се да можеме тоа да го надминеме и ако е таква културата иако толку малку примаме, но знаеме дека немаме друга култура на која можеме да се гордееме ако таа постоела и постои, ако и другите заинтересирани влегуваат во државата, а веќе ја имаме во нашата држава 400 години со 120 години организирано производство и она што е зацртано во долгорочната програма за земјоделие на 50 милиони кгр. ценам дека до 2000-та година со добра цена и незаборавајќи го нашиот тутунопроизводител ќе имаме и ќе можеме да се гордееме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г.динот Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, по подолго време од нашата самостојност и 100-тина одржани седници на првиот и вториот Парламент денеска на дневен ред се најде еден закон за нашиот аграр. Станува збор за Законот за тутун за култура што со векови била и натаму останува да биде култура од која се зема по некој сиромашен денар за крпење на сиромашниот живот на нашите селани и малкумина граѓани,

Во нашата држава, како што е позната и претходните пратеници истакнаа дека во производството на тутунот било да станува збор за ориенталски или широколистен тутун се вклучени околу 200 илјади луѓе. Толку луѓе почнувајќи од децата кои што туку прооделе до доодените старци се занимаваат со оваа култура и од неа чекаат доход за обезбедуваше на еден каков таков живот,

Токму затоа овој закон како и другите закони за работата, животот на селаните требаше и мораше да се донесе многу поодамна.

IX/3

Министрите што досега беа на чело на аграрот не требаше да дозволат толку време нашиот аграр да биде без закони што ги бара новиот систем за работа и живеење. Не требаше да дозволат шест години во аграрот да се работи со законите за изградба на социјализмот, да се работи со стар закон со води со кој селанецот јал не јал мора да плати данок за наводнување или одводнување. Со стар закон за земјоделски задруги , со стар закон за искористување на земјоделското земјиште, со стари закони за промет со земја со стари закони за организирање на ветеринарната служба и центрите за приватно земјоделие. Да не зборувам уште многу многу други стари закони од стариот систем со кои треба да го градиме системот кој денеска го градиме.

Друго, аграрните министри заборавија да работат на аграрните закони или во нивните средини нема адекватни кадри за изработка на аграрната законска регулатива е прашање за кое Владата мора што поскоро да си го каже својот збор.

Инаку, што се однесува до Предлог законот за тутун и јас како и колегите пратеници од поголемите тутунски центри во нашата држава станува збор за Чифлиганец, Чапов потоа г-динот Талимџиоски имаат свои забелешки за понудените законски решенија од страна на Владата . Искрено ќе кажам мене ме бендиса дискусијата и предлозите по овој документ од пратеникот Петар Талимџиоски од Прилеп и јас во целост му давам поддршка на неговите предлози.

Почитувани пратеници, моите забелешки по Предлог законот за тутун се однесуваат на неколку пунктови од овој документ. Еве за што станува збор.

Според овој предлог закон за тутун ,тутунот се прогласува за добро од општ интерес на нашата држава. Зошто оваа земјоделска култура добива ваков третман, се знае.

Прво, затоа што без употреба а девизи тутунот му носи девизи на нашата држава, како што рече Чифлиганец од 60 до 80 милиони долари годишно, затоа што тутунот преку продажбата на цигари е најголем полнач со денари на нашиот Буџет.

Трето, затоа што преку тутунот се обезбедува вработување на илјадници работници без да се вложи ни скршен денар инвестиција за нивните работни места.

На крајот, затоа што само преку тутунот сиромашните ораници можат да носат девизи доход и како што реков каков таков живот за луѓето кои живеат на тие пространства.

Ете, затоа со овој Предлог на закон за тутун се прогласува за добро од општ интерес на Републиката и Републиката за неговото производство гледа како на свое злато или некој извор на нафта и на секој начин сака тоа производство да го стави под свои раце.

Со Законот се кажува како и на кој начин ќе се произведува и откупува тутунот и какви казни го чекаат тутунарот што нема да го почитува законот за тутун. Добро е што со овој закон тутунот се прогласува за добро од општ интерес за државата, меѓутоа, господа пратеници, не е добро тоа што со него не се нудат никакви добрини за оние што го произведуваат тутунот. Во него, освен обврски, закани и казни не се нуди ништо ново на планот на подобрување на материјалната сигурност на тутунарите. Она што го имаат тутунарите во другите држави никако не може да најде примена и во нашето тутунско стопанство. Би било добро за доброто на државата и доброто на тутунарите ако преку овој закон за тутун за примарното производство на тутун се обезбедат поволни краткорочни и долгорочни кредити за организирање на неговото производство. Потоа регреси за сите тутунски репроматеријали, добри заштитни и рентабилни откупни цени.

На крајот, вклучување на тутунот во листата на земјоделските култури за кои државата издвојува значителни средства за премии. За тутунот да има премии како што има за сончогледот, шеќер-ата репа, млекото и од оваа година дури и за пченката.

Неправдата што на овој план и е нанесена на оваа култура на културата што без девизи на државата и носи девизи мора еднаш за секогаш да биде исправена зошто искуствите од земјите на тутунот да немаат место и кај на нас на овој план? До кога тутунот ќе биде без премија? Ако државата се сети да го третира за добро од посебен интерес ќе мора да му ја додели заслужената производна премија.

Од новиот закон за тутун тутунарите очекуваат нови правила за игрите со откупот и исплатата на тутунот. Очекуваат поголема демократија на овој план. Меѓутоа, за жал, во овој предлог закон не само што нема такви правила и производна демократија, туку производството на тутун се враќа на некои производни регулативи од минатиот век несвојствени за еден систем со пазарен амбиент со слободен избор на работно место и демократија на секој чекот. Во системот што го градиме со по еден министер се овластува да каже дали во некое село ќе се произведува тутун или не, или кој тип на тутун ќе се произведува, мислам дека не држи место.

Јас, било како, овој закон ќе го поддржам, бидејќи немаме подобар, на овој закон имам поднесено неколку амандмани и господа пратеници сметам дека тие амандмани ќе бидат прифатени од ваша страна, бидејќи станува збор за амандмани со кои треба да се решат повеќе проблеми во оваа област.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-динот Џаферовски.

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, се разбира по подолго време конечно дојде и Предлог законот за тутун кој регулира една многу важна материја и од ова место би сакал да кажам дека Законот во голема мера соодветствува со карактерот, потребата и значењето на оваа култура , но исто така треба да се каже дека законот не е без мани, како и секој друг закон, но ние сме тука да видиме како тој закон ќе се спроведува во пракса и како и сите други закони ќе претрпи измени во позитивна смисла на зборот се во интерес на јакнење на тутунопроизводството и заштита на тутунопроизводителите во РМ.

Би сакал да кажам дека и без закон односно со стариот закон последниве три четири години во извонредно тешки економски услови Владата на РМ вложи вонредно големи напори како да ги надмине проблемите со откупот, пласманот и плаќањето на тутунот. Како што ни е познато минатите години Владата издвои огромен дел на средства да откупи поголема количина на тутун од страна на откупувачите како би можеле да го исплатат тутунот од тутунопроизводителите. Тоа значи дека оваа Владата не стоела со скрстени раце, туку вложувала извонредно многу напори да го задржи тутунопроизводството.

Овој закон се обидува до крај да ги регулира односите помеѓу тутунопроизводителите од купувачите и од купувачите и се впушта во одредбите околу договарањето на тутунот. Веројатно тука има некои пропусти , има некои работи кои се преземени од стариот закон но исто така би сакал да кажам дека не држат до крај критиките дека државата во овој закон не се појавува како поттикнувач на производството на тутун. Тоа е направено со членот 8 ставот 3 каде што се вели дека Владата на РМ ќе донесува годишна програма за поттикнување на тутуновото производство. Се надевам дека оваа одредба заради ништо друго не е

напишано, туку заради донесување на Програма која ќе биде стимулативна и која ќе биде поттикнувачка согласно потреби- те на оваа држава за производство на тутун и тука веројатно ќе се вклучат премиите, регресите, што практично ќе значат поддршка на тутуновото производство•

Јас лично го поддржувам законот, овој закон е сигурно по- добар од досегашниот и доколку има некакви пропусти подготвен сум во иднина таму каде нема да функционира заедно со вас колеги да побарам да го менуваме на подобро.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство поднесе амандмани на член 16 став 1 алинеја 2 и за бришење на алинеја 3, член 19 став 3 , член 23 став 1 , член 26, член 39 , член 42 став 1 точка 2, член 44 став 5 и на член 45 став 1 точка 1 со кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство поднесе амандмани на член 8 став 3, член 20 став 1, член 33 став 1, и на член 43 став 2 и за додавање нов став 3 со кои не се согласил претставникот на Владата.

Законодавно правната комисија поднесе амандмани на член 42 став 1 точка 6 и на член 44 став 4 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Петар Талимџиоски, Илија Каров и Славчо Чапов, поднесоа амандмани на член 8 став 3 и на член 20 став 1 по кои Владата не се произнела.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Пратениците Петре Талимџиоски, Славчо Чапов поднесоа амандмани на член 28 и на член 43 став 2 и за додавање нов став 3 по ставот 2, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Вељо Тантаров поднесе амандмани на член 8 став 3, член 15 став 1, член 17 став 1 и за додавање нов став 2 по ставот 1, член 25 за додавање нов став 3 по ставот 2 и на член 33 за додавање нов став 3 по ставот 2, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Алил Џафероски поднесе амандмани на член 42 став 1 за бришење на точките 3,6 и 7 и на член 43 став 2 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 3, поднесен од Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Паракеов.

**НИКОЛА ПАРАКЕОВ:**

Владата не го прифаќа овој член но веднаш да кажам дека имаме друг амандман, кој што наместо 31 јануари стои 31 март и тој ќе биде прифатен.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Ајдарага.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Веднаш да кажам дека ако нешто во овој закон има некоја аграрна политика, попрво е членот 8 кој е поднесен како амандман на Комисијата.

X/2.-

Зборувам аграрна политика од аспект на тоа бидејќи го познавам земјоделското производство и од тој аспект мислам дека предложениот амандман држи многу. Зошто?

Кога се прават плановите за земјоделско производство? Тутунот е култура што се засејува на пролет. Ако ние кога ќе го засееме не знаеме со какви мерки ќе настапи Владата, тогаш кога ќе знаеме? На 31 март? На 31 март веќе расадот е засаден.

Дали ни треба таква политика? Мислам дека таква политика не ни треба и поради тоа предлагам амандманот да биде прифатен. Мислам дека министерот е свесен за оваа работа. Претпоставувам дека има проблеми околу подготовката, бидејќи одредени работи не се познати. Меѓутоа, 31 јануари е рок во кој што доста работи се познати и може да се донесе таа програма.

Заради тоа мислам дека амандманот треба да биде прифатен. Сега уште да додадам и тоа дека сега не зборувам како албанец па да бидам сфатен дека еве сега како националиста го кажувам ова. Тутунот е култура што ја одгледуваат сите кои живеат во Македонија. Затоа мислам дека овде треба да најдеме, а ако министерот не е во состојба да прифати, ние како пратеници треба да го изгласаме амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Трајков.

**РИСТО ТРАЈКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, во поддршка на овој амандман само би додал неколку зборови.

Во поголем дел од Републиката тутунското производство се организира на ниви земени под закуп. Нивите под закуп не се

земаат во јануари и февруари, туку се земаат во претходната година. Што значи при донесувањето на макроекономската политика на Владата ви требало и оваа програма да биде земена во предвид, односно Програмата за производство во овој дел каде што се регулира производството на тутун, членот 8 ставот 3 да биде како што е кажано во амандманот 31 декември од претходната година.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој бара збор? (Не бара).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? ( 56 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали има воздржани? (Нема):

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот на член 8 став 3, поднесен од Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Очигледно дека некој не гласал, бидејќи констатиравме дека имаме кворум.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 3, поднесен од пратениците Петар Талимџиоски, Илија Каров и Славчо Чапов.

Пратениците го повлекуваат амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 20 став 1, поднесен од Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Паракеов.

**НИКОЛА ПАРАКЕОВ:**

Овој амандман се прифаќа.

X/4.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 20 став 1, поднесен од пратениците Петар Талимџиоски, Илија Каров и Славчо Чапов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Паракеов.

**НИКОЛА ПАРАКЕОВ:**

Овој амандман не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор господин Талимџиоски.

**ПЕТАР ТАЛИМЏИОСКИ:**

Господине министре ценам дека овој амандман требаше да се прифати и треба да се прифати. Веројатно не би требало да биде доктор на наука или магистер за да може да врши проценка на тутунот. Овде имаме средно тутунско училиште кое е верифицирано, признато и познато, постои 40 години и сите тие ги изучуваат предметите, почнувајќи од манипулација, систематика, одгледување и тн. и ги проучуваат мерките за проценка на квалитетот на тутунот. Според тоа, тие имаат и диплома.

Дали ние сега, со нашето негласање или со она што веќе го имаме, да не речам и непознавање, ќе им го земеме нивното право. Мислам дека тоа право го немаме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Паракеов.

X/5.-

**НИКОЛА ПАРАКЕОВ:**

Се извинувам, но во амандманот 4 од Комисијата за земјоделство стои точно со завршен Земјоделски факултет, средно земјоделско или тутунско училиште со две години работно искуство. Според тоа, ова е прифатено и сублимиран е вашиот амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали го повлекувате амандманот? (Го повлекуваме).

Отворам претрес по амандманот ан член 28 поднесен од пратениците Петар Талимџиоски и Славчо Чапов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Паракеов.

**НИКОЛА ПАРАКЕОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 33 став 1, поднесен од Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Паракеов.

**НИКОЛА ПАРАКЕОВ:**

Овој амандман не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали некој бара збор?

Има збор господин Ристо Трајков.

**РИСТО ТРАЈКОВ:**

Овој амандман се предлага од причина што досегашната пракса покажуваше една друга работа. Од вкупните претпријатија авансот го даваа во натура и го даваа во неопределен рок, односно го даваа тогаш кога ќе имаа можност.

Сега, со овој амандман се ограничува времето на траењето. Дури и на Комисијата предложивме тоа да биде исклучиво во средства, да не се дава во натура, како што се правеше до сега. Земи ѓубре, земи материјали и со повисоки цени, па во старт цената на неговото производство се намалуваше.

Затоа се предлага рокот на деновите место 60 да биде 30.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој бара збор? (Не бара).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (26 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 42 став 1 точка 6, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Паракеов.

**НИКОЛА ПАРАКЕОВ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 43 став 2 и за додавање нов став 3, поднесен од Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Овој амандман не е прифатен од Владата.

Молам, дали некој бара збор? (Не) .

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака? (13 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 43 став 2 и за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од пратениците Петар Талимџиоски и Славчо Чапов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Паракеов.

**НИКОЛА ПАРАКЕОВ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор?

Пратениците го повлекуваат амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 44 став 4, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Паракеов.

**НИКОЛА ПАРАКЕОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 3, поднесен од пратеникот Вељо Тантаров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Паракеов.

**НИКОЛА ПАРАКЕОВ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, со овој амандман се бара во програмата за подигнување на производството на тутун да биде јасно и гласно кажано што треба да биде внесено, односно се бара во оваа програма да бидат внесени цената, заштитната цена и премијата за тутун за тековната година. Јас барам поддршка овој амандман да биде прифатен бидејќи ние ќе бидеме единствена земја како до сега која за тутунот не издвојува ниту скршен денар за премија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој бара збор? (Не бара).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (20 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 15 став 1, под- несен од пратеникот Вељо Тантаров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Паракеов.

**НИКОЛА ПАРАКЕОВ:**

Овој амандман се прифаќа.

X/9.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 17 став 1 и за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од пратеникот Вељо Тантаров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Паракеов.

**НИКОЛА ПАРАКЕОВ:**

Овој амандман не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Тантаров има збор.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Со овој амандман се бара да се скуси рокот за тутунот, наместо откупот да се врши до 31 март, со овој амандман треба откупот да заврши до 1 март. Тоа е предложено се со една цел откупните организации, односно претпријатијата да почнат со откупот на тутунот еден месец порано, а не како до сега еден месец подоцна.

Барам да се прифати овој амандман од овие причини.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој бара збор? (Не бара).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (22 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 25 за додавање нов став 3 по ставот 2, пдонесен од пратеникот Вељо Тантаров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Паракеов.

**НИКОЛА ПАРАКЕОВ:**

И овој амандман не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, како што реков во дискусијата по Предлогот на законот за тутун ние со овој закон за тутунарите само им се закануваме ќе ги казнуваме, ќе го земеме производството и ред други санкции ако не се придржуваат кон неговите одредби.

Во законот се предвидени многу рокови и термини, меѓутоа никаде не стои обврска на откупувачот до кога да го плати производството на тутунот. Добро знаете дека беше пракса во изминативе неколку години тутунот да се исплатува дури по една година од самиот откуп. Со овој амандман се бара во законот да се стави рокот на исплата на откупениот тутун да биде 10 дена од денот на откупот на тутунот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Паракеов.

**НИКОЛА ПАРАКЕОВ:**

Амандманот 20 нема врска со ова, ви се молам. Бара проценката и откупот да се врши од некоја општинска комисија. Целиот тутун е регулирано како се откупува и сега само овој треба некоја општинска комисија. Тоа се бара во амандманот 25. Другите работи што треба да се регулираат се навистина ставени во членот 31 каде што стои

потпишување на договор и во договорот и цената. Тоа се променливи категории и не моше во закон тоа да стои.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали го повлекувате амандманот?

Господин Тантаров го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 33 за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од пратеникот Вељо Тантаров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе

Има збор господин Паракеов.

**НИКОЛА ПАРАКЕОВ:**

Исто амандманот не се прифаќа затоа што оваа материја ја регулира договорот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Тантаров го повлекува и овој амандман.

Отворам претрес по амандманот на член 42 став 1 за бришење на точките 3,6 и 7, поднесен од пратеникот Алил Џафероски,

Господинот Џафероски го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 43 став 2, поднесен од пратеникот Алил Џафероски.

И овој амандман се повлекува.

Продолжуваме со претрес по текстот на Претрес на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.(67 пратеници гласаа за)

Дали има некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за тутун.

Предлагам овде да запреме, а да продолжиме утре во 10 часот, но ве молам точно во 10.

(Седницата прекина со работа во 17,00 часот).